
Институт за комуникациски студии



Со ефективен надзор против прекумерното искористување на природните ресурси

Документ за јавна политика за надзор врз управувањето со минералните суровини, шумите, почвите и водите









РазБистри сѐ!

Документот за јавна политика ќе служи како алатка во кампањата за застапување и лобирање „Разбистри сѐ“ на Институтот за комуникациски студии, со која ќе се врши влијание во процесот на донесувањето одлуки и ќе се повика целната публика на акција во областа на управување со природните ресурси. Во документот се содржани податоци и увид во тековните проблеми со управувањето со природните ресурси кои бараат итно внимание и нудат алтернативни решенија и конкретни препораки за решавање на проблемите. Документот се заснова врз истражување и интервјуа со познавачи на областа.

Издавач:
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

За издавачот:
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

Едиција:
ResPublica

Автори:
м-р Кристина Најдовска Илиевски
Елица Пауновска, дипл. правник
проф. д-р Никола Поповски

Уредник:
проф. д-р Драган Гоцевски
м-р Дејан Андонов

Лектор:
д-р Татјана Б. Ефтимоска

Графички дизајн:
Студио Игор Делов

Печати:
Винсент Графика

Тираж:
50

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поврзи ги точките: Подобрени политики преку граѓанско учество“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

502.173:005.584]:340.132(497.7)

НАЈДОВСКА Илиевски, Кристина
Со ефективен надзор против прекумерното искористување на природните ресурси : документ за јавна политика за надзор врз управувањето со минералните суровини, шумите, почвите и водите / [автори Кристина Најдовска Илиевски, Елица Пауновска, Никола Поповски]. - Скопје : Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Институт за комуникациски студии, 2020. - 93 стр. : илустр. ; 24 см. - (Едиција ResPublica)

Библиографија: стр. [86]-90. - Финансиер: Влада на Обединето Кралство, Поврзи ги точките : подобрени политики преку граѓанско учество

ISBN 978-608-4805-14-4

1. Пауновска, Елица [автор] 2. Поповски, Никола [автор]
а) Природни ресурси -- Експлоатација -- Управување -- Надзор -- Законска регулатива -- Македонија

COBISS.MK-ID 52623109

Институт за комуникациски студии

respublica

Со ефективен надзор против прекумерното искористување на природните ресурси

Документ за јавна политика за надзор врз управувањето со минералните суровини, шумите, почвите и водите

Скопје
октомври 2020

Содржина

Извршно резиме **10**

1. Вовед **15**

2. Управување со природните ресурси **19**

2.1 Управување со минералните ресурси 20

2.1.1 Загадувања на животната средина предизвикани со експлоатацијата на минералните суровини 23

2.2 Управување со шумите 25

2.2.1 Пустошење на македонските шуми 27

2.3 Управување со почвите 29

2.3.1 Загадување на почвата и узурпирање на обработливо земјиште 31

2.4 Управување со подземните води 33

2.4.1 Злоупотреба на водата за наводнување 34

3.Проблеми во остварувањето ефективен надзор врз управувањето со природните ресурси **37**

3.1 Надзор врз управувањето со минералните ресурси 37

3.1.1 Проблеми при надзорот врз управувањето со минералните суровини 39

3.2 Надзор врз управувањето со шумите 43

3.2.1 Проблеми при надзорот врз управувањето со шумите 44

3.3 Надзор врз управувањето со земјоделското земјиште 47

3.3.1 Проблеми при надзорот врз управувањето со земјоделското земјиште 49

3.4 Надзор врз водостопанските објекти 51

4. Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со природните ресурси **55**

4.1 Алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со минералните суровини 56

4.2 Алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со шумите 59

4.3 Алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со почвите 60

4.4 Алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со водостопанските објекти 62

5. Фискални импликации на алтернативните решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со природните ресурси **65**

5.1 Фискални импликации на алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со минералните суровини 65

5.2 Фискални импликации на алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со шумите 71

5.3 Фискални импликации на алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со почвите 75

5.4 Фискални импликации на алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со водите 78

6. Заклучок **83**

Библиографија **60**

Извршно резиме

Документот „Со ефективен надзор против прекумерното искористување на природните ресурси“ е стручна студија која адресира јавни политики од областа на животната средина. Конкретен фокус е управувањето со природниот ресурс и инспекцискиот надзор на четири категории природни богатства: минералните суровини, шумите, почвата и водите.

Низ содржината на документот се претставени проблемите што произлегуваат од постоечката законска регулатива која ги уредува наведените области, надлежните органи и институции кои се должни во согласност со законите и подзаконските акти да постапуваат во дадените области, како и инспекцискиот надзор – еден од најважните сегменти, којшто овозможува непосреден надзор над примената на законските одредби со коишто се регулира материјата. Заради комплементарно надоврзување со другите активности на издавачот на документот – Институтот за комуникациски студии, посветено е помалку внимание на областа на водите, бидејќи тоа е предмет на посебен документ за јавни политики. За проблемите поврзани со инспекцискиот надзор, понудени се алтернативни решенија за нивно надминување и анализа на фискалните импликации. Во делот на заклучоците се изнесени забелешките за специфичните предизвици во заштитата на управувањето со минералните суровини, шумите, почвата и водите со фокус врз инспекцискиот надзор во овие области.

Континуираното загадување на животната средина се должи на ниската свест на граѓаните, но и на нефункционалноста на државните органи и институции. Честите измени и дополнувања на законските одредби од областа доведуваат до дополнителни тешкотии во нивната практична примена. Неусогласеноста на законската регулатива го отежнува ефикасното работење не само на надлежните органи и институции, туку и на сите оние субјекти кои се должни да ги почитуваат и да ги применуваат определените законски и подзаконски акти. Измените во Законот за минерални суровини го изоставуваат проблемот со постоечките рудници, коишто и понатаму продолжуваат да работат со употреба на цијанид и сулфур. Недоволната комуникација помеѓу институциите доведува до низа пропусти и нерегуларности, коишто на концесионерите некако им ги олеснуваат обврските и задолженијата кон државата. Последните измени на Законот за шумите се направени во 2016 година и тие не кореспондираат со новите законски решенија од областа донесени последниве години. Потребни се мерки за подигнување на општествената свест за важноста и значењето на шумите како природен ресурс од непроценливо значење. Непостоењето закон за почвите оневозможува нивно сеопфатно регулирање и заштита, а со тоа се остава простор тие да бидат препуштени на (не)совеста на сите чинители во општеството,

без институционална и секаков вид друга контрола врз нивното загадување и уништување. Круцијален ресурс, неопходен за опстанокот и добросостојбата на човештвото, како и за социо-економскиот развој, е водата. Редовната контрола на подземната вода би дала насоки за влијанието на промените на температурата врз земјата и почвата, но и првични информации за различните влијанија врз водните ресурси.

Нискиот степен на казнивост на прекршителите на законските одредби, и покрај намалувањето на висината на паричните казни, се покажа дека воопшто не оди во прилог на зачувување на животната средина. Во однос на инспекциискиот надзор, којшто претставува исклучително важен сегмент од постапките во областа на животната средина, неопходно е вработување на потребните човечки ресурси во секој инспекторат и инспекциска служба одделно, обезбедување на сите потребни технички и материјални услови за работа, средства и опрема, воспоставување современи електронски бази на податоци и овозможување слободен проток на информациите од јавен карактер. Граѓаните имаат право да знаат како се трошат буџетските средства, додека надлежните органи и институции имаат одговорност пред граѓаните за ефикасно и ефективно извршување на своите надлежности според закон. Јакнењето на довербата помеѓу граѓаните и државните органи и институции претпочита доследно почитување и примена на законската регулатива, интегритет на органите и институциите, ефективно извршување на овластувањата и надлежностите, но и неприкосновена казнивост на сите прекршители на законските одредби.

Овој документ за јавни политики е изготвен во рамките на проектот „Поврзи ги точките: подобрени политики преку граѓанско учество“ на Институтот за комуникациски студии, а поддржан од Британската амбасада во Скопје.


1.

Вовед

Без природни ресурси животот е невозможен. Од раѓањето до смртта, природните ресурси се трансформираат за човечка употреба, храна, облека, засолниште и транспорт. Од нив зависиме за секоја материјална потреба, удобност, погодност и заштита во нашите животи. Без изобилство ресурси, просперитетот е недостижен.

-

Глифорд Пинчот

Интеракцијата помеѓу човекот и природата е евидентна, видлива сама по себе и не бара образложение. Луѓето живеат во заедници, градат живеалишта и ги задоволуваат егзистенцијалните потреби ползувајќи ги расположливите материјали во средината во која се наоѓаат. Дрвото, каменот и минералите под површината на земјата се незаменлив извор на граѓа за куќи, згради, патишта, мостови, брани, енергенс за огрев, производство на електрична енергија, гориво за транспорт... Пасиштата се извор на храна за добитокот, а плодната почва за земјоделството. Растот на населението следен со технолошки развој ги зголеми потребите на општеството, но и го усоврши начинот на искористување на природата за задоволување на потребите на секојдневниот живот и стопанството. Така било во минатото, така е денес, а веруваме дека ќе продолжи да биде така и во иднина. Животот на човештвото зависи од природата, и тоа не може да се спори.

Она што може и треба да се дискутира е начинот и обемот на искористување на природата за задоволување на општествените и стопанските потреби кои некогаш се рационални, а некогаш не. Третманот на природата како „ресурс“ е неопходен за современото поимање на економијата, индустријата, но исто така придонесува кон нарушување на состојбата на животната средина на начин којшто не може да се поправи брзо, а некогаш, пак, воопшто. Некои ресурси се обновливи со текот на времето и доколку се пронајде баланс помеѓу динамиката на експлоатацијата и способноста на природата да се обнови сама (а некогаш и со човечка помош), шумите, водата и рибниот фонд можат да бидат извор на економија и благосостојба. Прекумерното или неконтро-

лираното искористување на овие ресурси ја нарушува оваа рамнотежа на штета на шумскиот фонд, на количеството вода за пиење, на чистотата на езерата, реките, морето... Пошумувањето на соголени површини е долг, бавен и неизвесен процес којшто некогаш трае и децении. Од друга страна, грешките во искористувањето на некои природни ресурси не можат никогаш да се отстранат. Еднаш урбанизирана површина е речиси невозможно повторно да се користи за земјоделство, а ископан рид – едноставно повеќе го нема. За жал, природата не може „самата" да се штити од прекумерна експлоатација, а надежта дека само совеста ќе ги самоограничи луѓето од сопствените амбиции е утописка флоскула. Неопходен е повисок арбитер којшто ќе може рационално да воспостави правила, односно норми, како и колку ќе се ползуваат природните богатства, истовремено арбитер со капацитет да ги наметне тие норми и да располага со механизми на контрола дали граѓаните и бизнисите се придржуваат до нормите.

Во современието таа улога ја има државата, како единствен носител на суверенитет, која нормите ги преточува во право: преку уставот, законите и бројни подзаконски акти. Во државите во коишто институциите на власт се конституираат по пат на фер и демократски избори, барем како начело се носат закони со коишто се обезбедува благосостојба на сопственото население преку процес што знае да биде долг, обременет со технички предуслови, но и внатрешни политички преговарања. Оттука е неопходно да се внимава на квалитетот, односно соодветноста на секој закон, да може целесообразно да ги уреди „правилата на игра" за секоја област на општествен конфликт, нешто што во целост важи и за утврдувањето правен режим кој, кога, како и колку може да управува со природните богатства, да обезбеди соодветни казни за сите кои нема да ги почитуваат правилата и правна заштита за оштетените. Истовремено и да обезбеди механизам на превенција, односно контрола дали правилата се почитуваат пред да настане нивна повреда. Најпотентен механизам со којшто државата располага за следење на законитоста на работењето и постапувањето на граѓаните и бизнисите (но и на јавните институции) се инспекторатите и инспекциските служби при органите на управата и единиците на локалната самоуправа. Капацитетот, опременоста, едуцираноста, но и ослободеноста од надворешни притисоци на инспекциите е предуслов тие да можат ефективно да ја вршат својата работа, која може да биде превентивна, едукативна, а секогаш кога е тоа е неопходно, и репресивна.

Овој документ за јавни политики ги прикажува недостатоците во законската регулатива и кај надлежните органи, пред сè државните инспекторати, и нуди решенија и препораки за подобрување на закон-

ските одредби со коишто се регулира материјата и за инспекцискиот надзор над нивната примена.

За изработката на документот е направено квалитативно истражување со прибавување податоци од објавени печатени и електронски извори, како и разговори и полуструктурирани прашалници. Во истражувањето авторите консултираа 59 извори, коишто опфаќаат закони, подзаконски акти, стратешки документи, програми и други извори, а преку намерен примерок од засегнати, односно надлежни институции, консултирани се и стручни и службени лица кои работат во истражуваните области.

Преку оваа публикација читателот ќе може поблиску да се запознае со правниот режим, институционалната мрежа и системот на инспекциски надзор над четири категории природни богатства: минералните суровини, шумите, почвата и водите. За секоја од наведените области даден е преглед и коментар на состојбата во областите во времето кога е пишувана оваа публикација (јули – октомври 2020 година), укажување на проблематичните области, препораки и проценка за фискалните импликации за нивно надминување.


2.

Управување со природните ресурси

Еколошките ресурси и услуги што планетата Земја може да ги обнови во текот на една година се трошат предвреме, а глобалната популација користи ресурси колку за 1,6 планети (Global Footprint Network, 2020). Светски научни и стручни организации укажуваат дека во моментов 27 илјади видови животни и растенија се соочуваат со опасноста од исчезнување. Тие ја потенцираат опасноста од загубата на 40 проценти од пчелите, што може да доведе до сериозен недостиг од храна и други екосистемски услуги што се обезбедуваат од природата (The Conscious Challenge, 2020). За да се спречат овие процеси, неопходно е ресурсите да се управуваат на одржлив начин. Во Македонија управувањето со природните ресурси не е одржливо поради:

- Верувањата дека ресурсите ќе бидат неограничени и покрај нивното неодржливо користење;
- Потрошувачкото општество и линеарната економија, односно прекумерната експлоатација на минералите, водата, шумите и почвата, што доведува до загадување и создавање прекумерни количества отпад;
- Недоволната застапеност на достапните технологии за намалување на емисиите, превенцијата и искористувањето на отпадот;
- Неусогласеностите, правните празнини и отежнатата примена на законите што континуирано се апроксимираат со правото на Европската Унија (ЕУ);
- Несоодветната контрола врз прекумерната експлоатација на ресурсите и загадувањето.

2.1 Управување со минералните ресурси

Минералните суровини се органски и неоргански минерални материи што се наоѓаат во цврста, во течна или во гасовита состојба. Тие претставуваат добра од општ интерес и се во сопственост на државата, без оглед на сопственоста на земјиштето на кое се наоѓаат.

Минералните суровини, според видот (чл. 4), можат да бидат:

- енергетски минерални суровини: сите видови на фосилни јаглени, јаглероди во цврста, течна и гасовита состојба, радиоактивни елементи (уран и торијум), сите видови на битуминозни и масни шкрилци и други гасови кои се наоѓаат во земјата;

- металични минерални суровини: железо, манган, никел, хром, олово, цинк, бакар, волфрам, калај, платина, молибден, антимон, талиум, арсен, жива, сребро, злато и други видови на метали кои можат да се појават при експлоатација;

- техногени минерални суровини: минерални суровини што настануваат во процесот на преработка на енергетските или металичните минерални суровини, вклучувајќи го и јаловинскиот отпад којшто настанува при експлоатација и преработка на архитектонско-украсен камен;

- неметалични минерални суровини: варовник-калцит, варовник-доломит, кварц, кварцит, кварцен песок, дијабаз, фелдспат, лискун, дистен, дијатомејска земја, талк, опалска бреча, базалт, графит, перлит, туф, гипс, лапорец, сулфур, барит, магнезит, флуорит, андезит, гнајс, азбест, сите видови на глини и други;

- архитектонско-украсен камен: мермер, гранит, габро, травертин, оникс, базалт, сијанит, бреча и други;

- минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас CO_2

- песок и чакал коишто не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц. (чл. 4)

Минералите претставуваат витални суровини за многу основни индустрии и се главен ресурс за развој, но тие се необновливи и ограничени. Затоа, управувањето со минерални суровини е тесно интегрирано со целокупната стратегија на развој, а експлоатацијата на минералните суровини треба да се води според долгорочните национални цели и перспективи. Македонското право уредува две форми на управување со минералните суровини:

- Концесија претставува доделување право на користење на добро од општ интерес за државата, изведување градба од јавен интерес или вршење јавни услуги, со задолжување на концесионерот да изгради и/или управува, да го користи и да го одржува објектот на концесија, со плаќање или без плаќање од страна на концедентот (Закон за концесии и јавно приватно партнерство, чл. 3, ст. 1). На пример, правото за вршење експлоатација на минерални суровини се стекнува со добивање концесија, која се доделува врз основа на јавен повик или врз основа на барање. Одлуката за доделување концесија ја донесува Владата на предлог на Министерството за економија, и таа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ (РСМ). Врз основа на одлуката се склучува договор за концесија, којшто во име на Владата го потпишува министерот за економија во рок од 15 дена од стапувањето во сила на одлуката. Ваквиот договор има статус на извршна исправа;

- Експлоатација на минералните суровини е активност на добивање, односно ослободување на минералните суровини од нивната природна состојба вклучувајќи ги подготвителните, придружните и последователните активности поврзани со добивањето на минералните суровини (Закон за минерални суровини, чл. 3, ст. 1 т. 8). Експлоатација на минерални суровини се врши на определен простор, дефиниран со главниот или со дополнителниот рударски проект за експлоатација на минерални суровини.

Постапките на искористување може да предизвикаат значително загадување на животната средина и загуба на други ресурси, како што се земјиштето и биолошката разновидност. Затоа е неопходно искористувањето на минералните суровини да биде одржливо.

Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) предвидува одредби со коишто може да се обезбеди одржливоста на управувањето со минералните ресурси. Во него се

утврдени мерките и начинот со коишто се спречува или се намалува штетното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето, коешто може да настане како последица од управувањето со отпадот од истражувањата, експлоатацијата и преработката на минералните суровини, односно предвидено е управувањето со природните ресурси да биде во согласност со Законот за животна средина. Потоа, дефинирани се настаните во рудникот при управувањето со јаловински отпад од минерална суровина, што може да резултира со сериозна опасност по човековото здравје и/или по животната средина на самата локација или на друго место, и препознаени се опасните супстанции што се користат во процесите на управувањето со минералните ресурси, а чиишто својства ја загадуваат животната средина и се опасни за животот и здравјето на луѓето со докажани акутни, хронични, токсични и други штетни ефекти. Со Законот за минерални суровини се забранува да се издава концесија за експлоатација на минерални суровини за постапки со лужење или флотација на металични минерални суровини со цијаниди или со сулфурна киселина во рудници со отворен коп. Исклучок се концесиите за експлоатација на металични минерални суровини на веќе постојните рудници. Законот предвидува санација, како процес за враќање во првобитна состојба на почвата, природните живеалишта, водните ресурси и пределот.

За да се добие концесија или дозвола за истражувања или експлоатација на минерални суровини се бара мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во врска со можните влијанија што овие активности би можеле да ги имаат врз природата и водите. Во случај на негативно мислење од Министерството, Владата може да донесе одлука за одбивање на издавањето концесија или дозвола за истражувања или експлоатација на минерални суровини. Пред да добие дозвола за експлоатација, на концесионерот мора да му биде одобрена студијата за оцена на влијанието врз животната средина и да поднесе барање за доделување А или Б интегрирана еколошка дозвола.

Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини задолжително изработува план за управување со отпадот од минерални суровини, програма за спречување значителни опасности, како и внатрешен план за итни случаи, прецизирајќи ги мерките што се преземаат во случај на несреќа. Концесионерот мора на свој товар да спроведува мерки за заштита на животната средина и доколку содветните мерки не се спроведени, концедентот може да одлучи да спроведе едностран раскин на концесијата. Исто така, концесионерот е должен да изврши рекултивација на земјиштето на коешто се вршени деталните геолошки истражувања или експлоатацијата на минерални суровини. Годишната програма за рекултивација на деградирани простори ја донесува Владата на предлог на министерот за економија, а Државниот инспекторат за техничка инспек-

ција (ДИТИ) и Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) осигуруваат дека концесионерот ги презема потребните мерки, односно ги одржува потребните стандарди и цели на животната средина.

Концесионерите плаќаат надоместоци за спроведување детални геолошки истражувања или експлоатирање на минерални суровини, од кои 22 проценти се приход на националниот буџет и 78 проценти се префрлаат во буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност. Од приходите во националниот буџет, предвидено е дека 4 проценти ќе се користат за рекултивација и враќање на деградираните простори во првобитна состојба. Пред доделувањето на дозволата за експлоатација, концесионерот доставува потврда за финансиска гаранција која би била доволна за покривање на трошоците за елиминирање на штетните ефекти по животната средина од експлоатацијата, од евентуални несреќи и по затворањето на инсталацијата.

2.1.1 Загадувања на животната средина предизвикани со експлоатацијата на минералните суровини

Рударските активности предизвикуваат загадување на животната средина и нарушување на пределот. Природата на загадувањето зависи од материјалите што се вадат и нивната понатамошна обработка. Рудниците на јаглен и метални суровини предизвикуваат хемиско загадување на водите и почвата и можат сериозно да влијаат врз здравјето на населението што живее во околината. Се јавуваат бучава и вибрации и се уништува пределот. Штетните влијанија продолжуваат долго по престанокот на нивната работа поради дренирањето на подземни води загадени со кисели руднички води и тешки метали. Експлотацијата на градежен камен, чакал и песок има влијание врз хидролошкиот режим и пределот и се емитира прав, бучава и вибрации. Покрај загадувањето и негативните ефекти врз здравјето, отворањето рудници за експлоатација на минерални суровини е поврзано со пренамена на земјиштето, негова трајна девастација и загуба на биолошката разновидност. И Националната стратегија за заштита на природата за перидот 2017 – 2027 година утврдува дека една од приоритетните закани за биолошката разновидност претставува рударството. Површинските рудници доведуваат до трајна загуба на живеалиштата. На пример, концесиското поле на рудникот Саса лежи на важно живеалиште – тресетиште и поради преземените обврски со договорот за концесија, државата не може да ги заштити. Овие тресетишта се наоѓаат на Осогово, кое е заштитено подрачје преку границата во Бугарија, но поради идната експлоатација на руда, предлог-границите на Осоговските

Планини се повлечени, што оневозможува во иднина Осогово да биде прекугранично заштитено подрачје.

И покрај законската обврска за рекултивација на земјиштето зафатено со експлоатација на минерални суровини, концесионерите не спроведуваат мерки за враќање на експлоатациското поле во првобитна состојба, каков што е случајот со некои ридови покрај патот Гостивар – Кичево коишто се целосно ископани, а вегетацијата остранета. Загадувањето и уништениот предел укажува на целосна негрижа на надлежните органи и на концесионерите за последиците од експлоатацијата на минералните суровини.

Локациите на потенцијални наоѓалишта на минерални суровини се утврдени со Просторниот план на МЖСПП врз основа на податоци за претходни истраги. За важечкиот просторен план не е спроведена стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина, односно не се земени предвид кумулативните влијанија од издавањето концесии за планираните локалитети. Министерството за економија распишува тендери за спроведување детални геолошки истражувања според поднесени приватни иницијативи и низ постапка предвидена со Законот за минерални суровини и Законот за концесии и јавно-приватно партнерство. Издавањето концесии за експлоатација на минерални суровини се врши со голем интензитет. Така, на пример, во 2019 година се издадени 358 концесии, а во 2020 година 362 концесии (Регистар за договори за концесија, 2020). Студиите за оправданост на концесиските проекти ги изработуваат самите инвеститори за поединечните локалитети. Не се спроведува стратегиска оцена на животната средина за сите локации што се предмет на тендерската документација, што не овозможува да се согледаат паралелно влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти од планираните концесии, односно да се утврди еколошкиот капацитет на подрачјето. Доколку би се спроведувала стратегиска оцена на животната средина, би се направила споредба помеѓу придобивките за локалното население од експлоатацијата на минералните суровини и други намени на користење на земјиштето. Наспроти тоа, при доделувањето на концесиите се применуваат само критериумите за достапност на геолошките резерви и за исплатливост.

Во текот на постапките се случувало да се доделат концесии и во подрачја предложени за заштита, односно предложените локации за експлоатација на минерални суровини да бидат во границите на подрачја за кои не била завршена постапката за прогласување за заштитени подрачја, и покрај евидентните природни вредности што можеле да бидат нарушени (Петровска, 2020). Досега не е издадено ниту едно решение со кое се одбила некоја студија за оцена на влијанијата врз животната средина за рудник. Студијата за оцена на влијанијата врз

животната средина од рудникот за бакар Казандол била одобрена, а за студијата за оцена на влијанијата врз животната средина од рудникот за злато Иловица-Штука бил изработен извештај за соодветност на студијата, и покрај оценките за можно хемиско загадување, опасност за локалното земјоделско производство и закани врз здравјето на населението. Оттука, неопходно е во иднина при спроведувањето на оцената на влијанијата врз животната средина од рудниците, да се овозможи јавноста да учествува во текот на целата постапка, а не само да се овозможи увид во студијата во времетраење од 30 дена и да се организира само една јавна расправа.

2.2 Управување со шумите

Шумите претставуваат добра од општ интерес и природно богатство, поради што имаат посебен третман и уживаат посебна заштита. Во Уставот на Република Северна Македонија (чл. 56) пишува дека „сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, ... се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита". Вкупната површина под шуми (користење земјиште) изнесува 949,329 хектари, односно 37 проценти од територијата на Македонија. Шумите во државна сопственост зафаќаат речиси 89 проценти од целокупната површина под шуми, а останатиот дел се мали парцели во приватна сопственост (ЈП „Национални шуми", 2020).

Законот за шумите за последен пат е изменет во 2016 година и тој не е усогласен со други релевантни закони што претрпеле измени во последните години. Законот предвидува дека треба да се обезбеди одржливо управување, планирање, стопанисување и чување на шумите, за да се одржува и да се унапредува производната способност, биолошката разновидност, како и економските, еколошките и социјалните функции на шумата, а притоа да не се наруши екосистемот. Оттука, законот ги набројува општокорисните функции на шумите, меѓу кои се создавањето кислород и прочистувањето на атмосферата, развојот на руралните локални заедници, туризмот и ловството, создавањето поволни услови за лечење, одмор, спорт и рекреација, подобрувањето на плодноста на земјиштето и намалувањето на ерозивните процеси, зачувувањето на биолошката разновидност и позитивното влијание врз климата и климатските промени. За одржување на биолошката разновидност, законот предвидува формирање Национален совет и шумски

и ловни резервати. Сепак, тоа што Министерството за животна средина нема изработено катастар за заштитени подрачја и регистар на природно наследство ја отежнува соработката на Министерството со надлежните за управување со шумите, односно интегрирањето на целите за заштита на биолошката разновидност во плановите за искористување на шумите. Регионален план за унапредување на шумите е изработен единствено за регионот на Малешево, со којшто се утврдува идната насока за одржливото управување со шумите и шумските предели во регионот врз основа на нивните социо-економски вредности и биодиверзитетот (зачувување на природата).

Законот за шумите ги утврдува и забраните за пустошење и копачење шуми и за трајна пренамена на шумското земјиште. Тој забранува бесправна и сеча која не е одобрена како редовна мерка за обновување на шумата во планските документи, како и сеча на ретки и заштитени видови на дрвја. На населението што живее во околните села дозволено им е да користат дрво за задоволување на сопствени потреби, но количината на дрвната маса исечена во државна шума не смее да надминува повеќе од 10 метри кубни за една календарска година. Забранет е откуп, преработка и промет на дрво и дрвни сортименти што не се жигосани и снабдени со испратница. Понатаму, со законот се забранува депонирање отпад, отровни супстанции и друг вид материјал во шума, палење и опожарување шума и спроведување активности со коишто се интензивираат процесите на ерозија и деградација на земјиштето. За штети причинети во шума се плаќа надоместок според ценовник за штети во шума. Сопствениците и корисниците на шуми се должни да преземаат мерки за заштита на шумите и да извршат пошумување на пожаришта, површини на кои не успеало природна обнова и пошумување, како и на површини на кои е извршено пустошење – бесправна сеча, копачење или бесправна сеча на ретки видови дрвја, не подолго од две години од денот на настанување на обесшумувањето. Доколку е потребно да се изградат објекти од јавен интерес, тогаш се врши трајна пренамена на шумското во градежно земјиште, за што се плаќа надоместок во висина од вредноста за пошумување на површината колку што изнесува површината на која е предвидена градбата на објект, дрвната маса, изгубениот прираст и општокорисните функции.

По четири години од донесувањето на Законот за шумите, сè уште нема Државен шумски катастар, иако е тоа предвидено со законот. Не е направен ни попис на шумското богатство, а законот наложува задолжителен попис секоја година и доставување на податоците до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ). На почеток на 2018 година, Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) додели финансиска и техничка помош за

поддршка на МЗШВ да развие методологија за спроведување национален инвентар за шумите. Предвидено е Владата да донесе и национален план за управување со пожарите на отворен простор за период од десет години и за таа намена да формира национален комитет.

ЈП „Национални шуми“ ја утврдува вредноста на државните шуми врз основа на Правилник за содржина на посебни планови за стопанисување со шуми, посебни планови за одгледување и заштита на шуми и годишни изведбени планови. Меѓутоа, овој правилник, во делот на вреднување на шумските насади, не е усогласен со Меѓународниот сметководствен стандард 41.18 – Земјоделство (Службен весник 159/2009 година) и со Законот за проценување (Службен весник 115/2010 година). ЈП „Национални шуми“ отпочна процес за сертификација на шумите преку пилот-проект за примена на најголемата глобална сертификациска шема PEFC (Programme for Endorsement of Forest Certification), според која се сертифицирани преку 300 милиони хектари шума ширум светот.

Шумите делумно се регулираат и со Законот за пасишта, којшто воошто не е дополнет или изменет од 1999 година. Потребата од хармонизирање на овој закон е повеќе од потребна.

2.2.1 Пустошење на македонските шуми

Како добра од општ интерес, шумите и шумското земјиште треба да се одржуваат, да се обновуваат и да се користи на начин што ќе ја зачува нивната вредност и ќе се врши економично и целисходно стопанисување.

Наспроти тоа, нелегалната сеча претставува сериозен и долгорочен проблем, којшто го доведува во прашање одржливото управување со шумите, како и вредноста на шумите во поширока смисла. Проценките се дека обемот на нелегално исечено дрво во Македонија се движи од 25 до 30 проценти од вкупно исечената дрвна маса во определена година. Во однос на распространетоста на бесправната сеча на шумите, таа е застапена на целата територија на Македонија, а според податоците од Шумската полиција, најмногу се врши во градовите Скопје, Кичево, Струга, Демир Хисар, Прилеп, Битола, Берово, Струмица и Штип. Според некои стручни лица, годишно се губат најмалку 10 милиони евра од дивата сеча на шумите. Од јануари до септември 2019 година, од Секторот за шумска полиција до основните јавни обвинителства во државата биле поднесени 107 кривични пријави, од основните судови биле донесени 484 пресуди со кои се изречени казни од околу 374 илјади евра, а при шумските акции се одземени 1800 кубни метри дрва, 39 камиони, 153 автомобили и 12 трактори (Македонски Медиа Сервис, 2020). Пустошењето на шумата делумно е резултат на неповол-

ната економска состојба на граѓаните. Сторителите ги користат нелегално исечените дрва за сопствено затоплување, како најевтин и лесно достапен ресурс, но мотив за вршење незаконска сеча е и прибавување противправна имотна корист, односно нелегално исечените дрва се препродаваат „на црно“ по поевтина цена (Малиш Саздовска, 2002).

Јавното претпријатие „Национални шуми“ го планира користењето на шумите, и за тоа изработува годишни планови, но нејзина активност е само маркирањето на стеблата за сеча, додека сечата, дотурот и транспортот го вршат приватни фирми врз основа на тендер. „Според Законот за јавни набавки се добиваат тендерите по најниската цена, дури и пониска од пазарната – на пример, за сеча се аплицира со 250 денари по метар кубен, иако според документацијата на ЈПНШ цената е 360 денари по метар кубен, па после разликата се дополнува со дополнителни количини огревно дрво. За ова, секако, нема јавни податоци и затоа е неопходно потребна зајакната контрола, особено на терен. Таа може да се подобри со воведување GPS системи во камионите. Ова е само мал дел од проблемите со коишто се соочува ова големо (гломазно) претпријатие од околу 2500 вработени или една нишка во синџирот која не функционира соодветно и која дозволува коруптивни активности (бесправни сечи), за што и често се пишува по медиумите. Потребна е реорганизација на „Национални шуми“ од јавно претпријатие кое, иако е јавно претпријатие, не се финансира од буџетот, туку од сопствени средства. Таа реорганизација би можела да биде акционерско друштво, како што е во Словенија, Црна Гора и Словачка.“ (Стојановска, 2020).

Дополнително, јавните установи формирани од Владата за да се грижат за националните паркови немаат доволно финансиски ресурси за да ги спроведуваат заштитните мерки и, главно, генерираат приходи од сеча на шума.

Пустошењето шума е кривично дело според Кривичниот законик (член 226). Доколку делото е извршено во заштитена шума, национален парк или во друга шума со специјална намена, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Во прекршочните одредби во Законот за шумите (Глава XII), пак, глобите за правните лица се дадени во фиксен износ и изнесуваат 30.000 евра, 20.000 евра, односно 15.000 евра во зависност од прекршокот, додека глобите за физички лица се движат од 1.500 – 2.000 евра, како најниска, до 3.500 – 4000 евра, како највисока глоба. Доколку прекршоците се извршени од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета, се изрекува глоба во двоен износ од предвидената (а на одговорното лице во правното лице ќе му се забрани да ја врши должноста во траење до 30 дена) и ќе се одземат предмети употребени за извршување на прекршокот, како и бесправно присвоените предмети што настанале со извр-

шување на прекршокот. Сепак, постои ризик за корупција и доколку таа се случи, не се применува правната регулатива и детелните процедури на работа. Интегритетот на полициските службеници е клучен фактор дали ќе се случи корупција или не. Корупцијата во полицијата најчесто се оценува како „ситна“, односно не опфаќа високи износи на поткуп, туку се состои од подароци кои се во вредност помала од пропишаните казни, но резултатот е висок кумулиран ефект на загуба на приходи од казни во централниот буџет. Благата казнена политика, пак, не го сузбива криминалот, а делата се повторуваат (Мојсовска, 2019).

Уште еден проблем се шумските пожари, коишто во последните десетина години имаат зафатено повеќе од 100 илјади хектари и имаат уништено големо количество дрвна маса. Тоа претставува економски проблем, но доведува и до поголема ерозија на изгорените површини, нарушување на водниот режим, губење на вегетацијата и опустување. И климатските промени, преку процесот на сушење на шумите и штети предизвикани од инсекти и болести, се надоврзуваат кон главните закани и проблеми во стопанисувањето со шумите.

2.3 Управување со почвите

Управувањето со почвата треба да го обезбеди соодветниот квалитет, односно својствата и карактеристиките на почвата што треба да ги задоволат потребите на човекот и на екосистемот. Една од важните карактеристики на почвата што треба да се одржува заради обезбедување храна е плодноста, како способност на почвата да ги снабдува растенијата со хранливи материи, вода, воздух и други потребни услови. Почвата е ограничен и конечен ресурс, што значи дека нејзината загуба и деградација не се обновуваат во животниот век на човекот. Затоа, разбирањето на можноста и капацитетот на почвата игра важна улога во одлуките за управување со земјиштето. И покрај тоа, не постојат развојни политики и посебен закон за почвата, ниту следење на нејзината состојба и квалитет, како и на состојбата со контаминираните локалитети во Македонија (РСМ. МЖСПП 2019: 48).

Нацрт-законот за заштита на почвата е изработен, но тој сè уште не е усвоен. Донесувањето на овој закон е потребно заради ограничување на штетните емисии во почвата, идентификување на контаминираните локации (историски индустриски жаришта) и утврдување на концентрациите на опасните супстанции присутни во почвата. Со овој закон треба да се воспостави и да се спроведе и мониторинг на почвата преку соби-

рање, обработка, анализа и валидација на податоците и информациите за почвата, меѓу кои и за опасните супстанции и за деградација на почвата.
Во отсуство на посебен закон за почви, нејзиното управување е регулирано со други закони. Законот за животна средина предвидува донесување катастар за загадувачите на почвата и утврдува дека Владата и општините донесуваат национален, односно локален акциски план за заштита на животната средина, во којшто ги обработуваат прашањата поврзани со загадувањето, односно со заштитата на почвата. Овој закон пропишува дека при изработка на стратегиската оцена на животната средина за инвестициски проекти треба да се обезбеди и опис на изворите и начините на загадувањето на почвата и на мерките за намалување на влијанијата врз квалитетот на почвата. Законот за заштита на природата забранува користење на природата со кое се деградира почвата и се губи нејзината плодност, а наложува и, со оцената на влијанијата врз природата, да се предвидат мерки и за спречување на деградацијата на почвата и пропишува чуварските служби во националните паркови да следат ако почвата се загадува преку несоодветно управување со отпад или преку други активности. Законот за земјоделско земјиште им наложува на сопствениците и на корисниците на земјоделското земјиште да го користат во согласност со неговата намена, да ја одржуваат и да ја зголемуваат плодноста и да спречуваат негово загадување или друг вид деградација со директно внесување штетни материи во почвата или преку водата и воздухот, пред сè, заради производство здравствено исправна храна и заради заштита на здравјето на луѓето и на животинскиот и растителниот свет. Министерот за земјоделство, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги пропишува материите што се штетни за земјоделското земјиште, нивната максимална дозволена концентрација во почвата и мерките што се преземаат на земјоделското земјиште кое содржи поголеми концентрации штетни материи од дозволените. Земјоделско земјиште може да се пренамени во градежно преку постапка што ја спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а одлука за пренамена донесува Владата. Претходно се произнесуваат надлежните министерства, вклучително и Министерството за животна средина и просторно планирање. Доколку опфатот на урбанистичкиот план се наоѓа во заштитено подрачје, Секторот за заштита на природата во МЖСПП треба да даде негативно мислење и постапката за пренамена да се запре. За трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно се плаќа надоместок. Земјоделско земјиште може да се пренамени и за експлоатација на минерални суровини.

2.3.1 Загадување на почвата и узурпирање обработливо земјиште

Причините за нарушување на квалитетот на почвата се уништувањето на нејзините водовоздушни карактеристики заради изградба на објекти и ширење на населбите, изведба и фунционирање на транспортни коридори, експлоатација на минерални суровини, испуштање загадувачки материи во почвата од индустриски капацитети (депонии за јаловина, шљака и друг материјал што содржи опасни материи), како и прекумерното користење вештачко ѓубриво и пестициди во земјоделството. Со интензивна пренамена на земјоделското земјиште во градежно или за експлоатација на минерални суровини, се губи почвата како важен ресурс. Обработливите површини се напуштаат и поради миграција или недостиг од финансиски интерес за земјоделското производство, што доведува до деградација на почвата.

Кога зборуваме за земјоделското земјиште и неговото користење, отсекогаш актуелни биле проблемите со пренамена на квалитетни земјоделски површини во површини за друга различна намена, односно почви кои имаат одреден квалитет и содржат оптимални услови за квалитетно земјоделско производство се пренаменуваат во градежно земјиште, различни слободни зони, површини за сепарација и црпење песок, итн., со што трајно се зазема површината за некаква активност која понатаму нема да придонесе за земјоделско производство. Со тоа се губат квалитетни обработливи површини коишто во иднина би можеле да влијаат врз намалување на приносот на земјоделските култури и нивниот квалитет, а сето тоа влијае и врз економичноста на производството. „Македонија има почвена карта (таа е изработена и во електронска форма), каде што се утврдени повеќе почвени типови со различен квалитет и за различна намена – за земјоделско производство, пасишта, шума, итн. Околу 8-10 проценти од вкупната површина на земјоделското земјиште кое изнесува 500-600 илјади хектари се сметаат за прва и втора класа, коишто се најквалитетни за земјоделско производство. Со закон се утврдува во која категорија, односно во која класа спаѓа почвата и кои класи може да се користат како градежно земјиште, а кои може да се користат како земјоделско земјиште. Сепак, со подзаконски акти треба да се уреди земјоделските површини да бидат наменети строго за земјоделско производство и тие да не може да се пренаменуваат за други потреби, освен во случај на државен интерес (градење аеродром, автопат, итн.)“ (професор по земјоделски науки, 2020).

Исто така се вршат сепарации на песокот на земјоделски површини што се со висок квалитет, најчесто покрај реки. „Се копа песок на алувијални почви, наноси покрај реки, којшто е ситен и фин песок и се користи главно за градежни активности (песок за правење малтер, итн).

Министерството за економија ги доделува концесиите, но иако ископите можат да бидат на помалку квалитетни земјишта, сепак за концесионерите тоа значи поголеми трошоци за доработка на покрупниот песок“ (професор по земјоделски науки, 2020).

Во минатото, прилично често се среќаваа примери на теренот и во праксата каде што доделените површини под концесија не се обработуваа или се користеа краток период, односно до добивањето субвенции. „На пример, се садат ореви кои имаат најголемо растојание при садење (10x10 м, 100 дрвца = 1 хектар), „ќе боцнеш прачка и ќе земеш субвенции“ и тие по извесно време се напуштаа“ (професор по земјоделски науки, 2020). Во контекст на ова, голем проблем претставува и тоа што производителите кои користат површини под концесија, особено големите производители, како и оние на кои земјоделското производство им е дополнителна дејност, не се обврзани да вработуваат агрономи, со што се намалува квалитетот на производството, начинот на користење на површините и примената на агротехничките мерки.

Со претходни студии идентификувани се 16 жешки точки: депониите со линдан во дворот на ОХИС, депониите за шљака од Топилницата во Велес и Железарницата во Скопје, депонијата од фабриката за фероникел „Фени“, депонијата за хромна кал на „Југохром“, депониите од термоцентралите во Битола и во Осломеј, јаловиштата на „Тораница“, „Саса“ и „Злетово“, „Бучим“ и депонијата на рудникот за арсен и антимон „Лојане“ и депонијата на фофогипс од поранешната фабрика за вештачки ѓубрива во Велес. Утврдено е дека во близината на овие контаминирани локации почвата не е безбедна за производство на храна (Порта 3, 2018). За приоритетни жешки точки за санација и рекултивација се предвидени депониите на линдан во ОХИС и депонијата на хромна кал во Југохром. За првата фаза на чистење на линданот се обезбедени 3,5 милиони евра и е ангажирана компанија. За целосно чистење на малата депонија на линдан се потребни околу 11 милиони евра, а за големата околу 50 милиони евра.

2.4 Управување со подземните води

Водата претставува ограничен но обновлив ресурс, само доколку со него соодветно се управува. Според Законот за водите (чл. 4 т. 1, 2 и 3), водите ги опфаќаат сите површински води (проточни и непроточни води на површината на земјата), вклучувајќи ги постојаните водотеци или водотеци во кои времено тече вода, езерата, акумулациите, изворите и подземните води (водите што се наоѓаат под површината на земјата во зоната на сатурација и се во директен контакт со површината или со потслоевите). Водите, како добра од општ интерес, се во сопственост на државата и тие не се предмет на право на сопственост на физички или правни лица, без оглед на сопственоста на земјиштето на кое се наоѓаат.

Подземните води како природни ресурси се значајни за екосистемите зависни од подземните води, како и за снабдување со вода за пиење. Информацијата за нивото на подземната вода е од големо значење за земјоделството, енергетиката и за градежништвото. За секој објект, особено во подрачјата загрозени од подземни води, треба да се знае каков е режимот на движење на подземната вода, која во одредена ситуација би можела да предизвика влијание врз неговите темели или врз заштитните ѕидови на подземните простории. Редовната контрола на подземната вода ќе даде насоки на влијанието на промените на температурата врз земјата и почвата, но и првични информации за различни влијанија врз водните ресурси. Температурата на водата, пак, дава директна информација за евентуалните варијации на климата во регионот, односно за климатските промени. Директивата 2006/118/ЕС на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 12 декември 2006 година за заштита на подземните води од загадување и влошување претставува рамка за спречување и контрола на загадувањето на подземните води. Таа ги вклучува и постапките за оценување на хемиската состојба на подземните води и мерките за намалување на нивото на загадувачите (РСМ. МЖСПП 2012).

„Министерството за животната средина и просторно планирање има само координативна улога како авторитет во управувањето со водите, затоа што според моменталните регулативи, нема соодветни инструменти и механизми, утврдени правила и процедури за заштитата на водите и тие се децентрализирани, поделени меѓу повеќе закони и повеќе надлежни институции. Во Словенија, на пример, има една агенција за води која управува со сите води. Би било идеално да се транспонираат европските првила во нашите закони за лесно да се управува со водите.“ (Крстевска, 2020)

2.4.1 Злоупотреба на водата за наводнување

Друг проблем во користењето на природните ресурси во земјоделството претставува рационалното користење на водата за наводнување. Доста чест пример во нашата држава е копањето и непријавување бунари за наводнување земјоделски површини. Акционерското друштво за води има свои подружници низ целата држава, во чии рамки и на ниво на речен слив се формирани хидромелиоративни системи (ХМС). Меѓутоа, голем дел од хидромелиоративните системи се запуштени и руинирани, па производителите се принудени да копаат бунари коишто, многу често, не ги пријавуваат за да не плаќаат такса на ХМС. На пример, во Македонија не постојат точни податоци колку бунари постојат и на која мрежа ѝ припаѓаат. Дополнително, „дневното користење вода од бунар е ограничено до 10 метри кубни, но на терен тоа не се почитува. Државата прави обиди да го субвенционира наводнувањето со поддршка на дел од трошоците за копање на бунари, како и користењето систем’капка по капка‘, што од друга страна ќе овозможи и пријавување на изворот на вода којшто се користи за наводнување. Меѓутоа, и понатаму бројката на непријавени бунари е огромна и користењето на водата како природен ресурс е без контрола. Треба целосно субвенционирање на бунарите, на опремата за обезбедување вода за наводнување и на системите ’капка по капка‘, и на таков начин да се намали количината на вода што се користи за ова намена. Исто така, и покрај користењето модерни системи за наводнување, водата се наплаќа по култура и по површина, а не по потрошувачка, поради што се троши нерационално и неефикасно. Потребно е за секој регион и за секоја култура да се направи пресметка на потребите од вода по култура и да се создадат услови таа да се наплатува по потрошувачка, со што ќе се намали нерационалното користење на водата и користењето од око. Треба да се вратат водоредарите кои по нивите ќе вршат контрола на наводнувањето и злоупотребата на водата во рамките на ХМС. ХМС да се модернизираат и да се опремат

со потребна механизација за навремено остранување на техничките проблеми на терен.

На крајот, треба да се истакне дека со неправилното и нерационалното залевање, дополнителен проблем претставува и влијанието на средствата за заштита и на ѓубривата кои, преку подземните води, може да се вратат во бунарите, езерата или изворите на вода што можат да се користат и за друга намена“ (професор по земјоделски науки, 2020).


3.

Проблеми во остварувањето ефективен надзор врз управувањето со природните ресурси

3.1 Надзор врз управувањето со минералните ресурси

Надзорот над спроведувањето и примената на одредбите од Законот за минерални суровини е во надлежност на повеќе органи и институции (член 100).

Министерството за економија врши надзор над спроведувањето на одредбите од законот, а Управата за јавни приходи (УЈП) спроведува надзор и контрола над плаќањето на надоместоците за детални геолошки истражувања и за концесија за експлоатација на минерални суровини. УЈП е должна на секои три месеци да доставува извештај за платените концесиски надоместоци за секоја концесија одделно.

Инспекцискиот надзор го врши Државниот инспекторат за техничка инспекција преку државните геолошки, рударски и инспектори за електрика во рударството, и Инспекторатот е должен секој месец до Министерството за економија да доставува извештај за извршените инспекциски надзори. Инспекцискиот надзор во врска со одредбите од Законот за минерални суровини во делот на животната средина го врши Државниот инспекторат за животна средина. Министерството за внатрешни работи (МВР) врши надзор при геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини без концесија и дозвола. Генерално, како и во другите области на животната средина, „комуникацијата и координацијата помеѓу овластените инспектори за животна средина од единиците на локалната самоуправа и Државниот инспекторат за животна средина е на незадоволително ниво. ДИЖС во соработка со МВР, со Царинската управа, со правосудните органи (судови

и обвинителства) и со експерти од областа е потребно да воспостави платформа на национално ниво за задолжителна континуирана и координирана соработка, во согласност со одредени стандардни оперативни процедури и протоколи. Општинските инспекторати го немаат потребното ниво на искуство и информации како Државниот инспекторат за животна средина, сè уште не постои единствена база на податоци (на централно и на локално ниво) на правните субјекти што се потенцијални загадувачи на животната средина, а ДИЖС не е поврзан преку одредена платформа со локалните инспектори" (Блинков, 2020).

Инспекцискиот надзор може да биде редовен (најавен), вонреден (ненајавен) и контролен надзор. Инспекциските служби подготвуваат годишни и периодични планови за спроведување инспекциски надзор врз основа на проценката на ризикот. При висок степен на ризик се врши најмалку еден инспекциски надзор годишно врз одреден субјект, при среден степен на ризик, најмалку еден инспекциски надзор во две години и при низок степен на ризик, најмалку еден инспекциски надзор во три години. Според Законот за минерални суровини, рударските инспектори треба да вршат контрола врз концесионерите најмалку трипати годишно. Сепак, во законот не е предвидена одговорност и санкции за инспекторите кои нема да постапат по ваквата законска обврска. Ако инспекторот констатира неправилности коишто претставуваат опасност за безбедноста на луѓето и имотот, треба да наложи недостатоците да се отстранат во рок од 30 дена. Ако во тој рок не се отстранат неправилностите, инспекторот треба да го забрани изведувањето на детелните геолошки истражувања, изведбата на рударските работи и експлоатацијата на минералните суровини во дел или во целиот рудник (чл. 108). Инспекторот треба да ги запре натамошните работи секогаш кога ќе утврди дека тие се вршат без потребната концесија, дозвола или решение, кога работите не се вршат според проектната или техничката документација и според условите пропишани со Законот за минерални суровини (чл. 112). Во таков случај, МВР треба привремено да ги одземе средствата со коишто се врши ископ и транспорт, како и ископаната минерална суровина. Доколку при вршење на инспекцискиот надзор се утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, инспекторот мора веднаш да поднесе барање за поведување прекршочна или кривична постапка пред надлежен суд (чл. 114). Ако инспекторите констатираат неправилности и притоа не преземат соодветни мерки, ќе се смета дека сториле потешка повреда на службената должност (чл. 107).

Меѓутоа, генерално, инспекторите или припадниците на МВР немаат доволно познавања да сработат случај за кривични дела од областа на животната средина и да ја подготват документацијата за

обвинителите (тоа се службени кривични дела за коишто постапката започнува по службен пат). Обвинителството не оди на терен да го испита случајот, туку ја зема документацијата од МВР, и врз база на тоа го прави случајот.

3.1.1 Проблеми при надзорот врз управувањето со минералните суровини

Мал број инспектори и изречени казни од Државниот инспекторат за техничка инспекција

Фактот што Државниот инспекторат за техничка инспекција врши непосреден надзор над примената на Законот на минералните суровини, коишто, пак, се определени како добра од општ интерес, го прави еден од позначајните инспекторати во државата. Меѓутоа, ефикасноста на инспекциските служби е условена од доволен број инспектори, добро обучени кадри, современи технички услови и опрема и средства за работа.

По однос на бројот на вработени, во Стратешкиот документ на ДИТИ 2020 – 2022 се наведува дека во ДИТИ се вработени вкупно 21 државен службеник (и, според тоа, е еден од помалите инспекциски органи во државата), од кои еден е раководител на сектор, двајца се раководители на одделение, девет се државни инспектори и девет се стручно-административни службеници. Правилниците за систематизација на работни места предвидуваат дека бројот на државни службеници треба да биде 46, односно повеќе од двојно (Државен инспекторат за техничка инспекција, 2020).

Ефикасноста на инспекторатот може да се процени и според бројот на планирани и реализирани инспекциски надзори по квартали.

Табела 1 Планирани и реализирани инспекциски надзори и изречени мерки, ДИТИ, 2019

Надзор 2019 година	редовен		вонреден		контролен		вкупно		мерки
	планиран	реализиран	планиран	реализиран	планиран	реализиран	планиран	реализиран	изречни
1 квартал	209	250	0	22	0	2	209	274	8
2 квартал	187	237	0	17	0	13	187	267	15
3 квартал	175	230	7	68	7	14	189	312	40
4 квартал	/	172	/	26	/	18	/	216	17
Вкупно	**571**	**889**	**7**	**133**	**7**	**47**	**585**	**1069**	**80**

Извор: Сумирани потатоци од извештаите на ИС, 2019 г.

Во текот на 2019 година, реализирани се вкупно 889 редовни надзори, 133 вонредни надзори и 47 контролни надзори (вкупно 1069 инспекциски надзори). Притоа се утврдени вкупно 80 неправилности. Според табелата, во третиот квартал од 2019 година, ДИТИ има најголем број спроведени вонредни инспекциски надзори, за разлика од другите квартали (вкупно 68), кога се изречени и најголем број инспекциски мерки. Соодносот на изречени мерки во однос на извршени надзори, според извештаите на Инспекцискиот совет, не е поврзан со кадровската екипираност, туку директно зависи од проблематиката врз која инспекцискатa служба врши надзор и е важен показател за преземањето мерки и политики со цел подобрување на инспекцискиот систем, поефикасна контрола на субјектите на надзори, како и поголема заштита на јавниот интерес (РСМ. ИС 2020). Учеството на изречени инспекциски мерки по однос на надзори за 2019 година изнесува 7,5 проценти, што укажува на многу мал број изречени мерки во однос на бројот на надзори.

Ниска отчетност на Државниот инспекторат за техничка инспекција

На веб-страницата на ДИТИ не е објавен извештајот за неговата работа и за спроведените надзори за првите шест месеци од 2020 година, иако Законот за инспекциски надзор го наложува тоа. Имено, според член 99 од овој закон, предвидена е глоба од 450 евра за директорот, односно раководителот на инспекцискатa служба, доколку не го објави на веб-страницата на инспекцискатa служба извештајот за работа за претходните

шест месеци најдоцна до 15 јули, за периодот јануари – јуни во тековната година, односно најдоцна до 15 јануари, за периодот јули – декември од претходната година, и доколку во тој рок не го достави извештајот до Инспекцискиот совет во електронска и во хартиена форма. Глобата за прекршоците треба да ја изрече Државниот управен инспекторат. Со тоа не се овозможува правото на пристап до информации од јавен карактер коишто Инспекторатот е должен редовно да ги објавува и да ги ажурира.

Ниско ниво на координираност меѓу државните инспекторати за техничка инспекција и за животна средина

При надзорот на експлоатацијата на минералните суровини, Државниот инспекторат за животна средина утврдува дали инсталацијата поседува дозвола за експлоатација и дали концесионерите доставиле годишен извештај до надлежниот државен орган, врши увид во евиденциите за опасен отпад од инсталациите со интегрирана еколошка дозвола А, односно Б, и контролира дали отстранувањето на отпадот ги задоволува условите пропишани со дозволата за експлоатација, вклучувајќи ги и граничните вредности на емисии во воздухот, водата и почвата.

Сепак, во текот на изградбата на инсталациите за експлоатација на минерални суровини, ДИТИ и ДИЖС ретко вршат координиран инспекциски надзор. Тоа е неопходно за интегрирано да се следи дали во определените фази од изградбата се применуваат мерките за техничка исправност на објектите и опремата и за да се контролираат емисиите на загадувачки материи. За време на експлоатацијата, ДИЖС при вршењето на надзорот треба да обезбеди независно мерење на емисиите, а дополнително и на мерењата што ги спроведуваат самите инсталации во согласност со Законот за животна средина. Мора да се вршат редовни и вонредни мерења на повеќе параметри за загаденоста на воздухот, водите и почвите, а казните за еколошки прекршувања и хаварии да бидат многу повисоки, без можност за спогодување ако се платат порано, како и затворање објекти во случаите кога истражувањето ќе покаже дека се извор на трајно загадување на околината поради стара или несоодветна технологија, која во ЕУ не би ни смееле да ја користат поради строгите еколошки норми (Поповска, 2020). Независните мерења треба да ги врши државна акредитирана лабораторија, која се очекува да почне да работи на почетокот на 2021 година. Покрај независна акредитирана лабораторија, за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор неопходно е да се набави и соодветна опрема за работа. На пример, потребно е да се набави опрема за индикативно мерење на емисиите во воздухот, со која би се утврдила потребата од

ангажирање акредитирана лабораторија да изврши мерење на специфични параметри, во зависност од наодот на индикативното мерење. Ниското ниво на координираност и комуникација помеѓу институциите доведува до низа пропусти и нерегуларности, меѓу кои и неследењето на плаќањето надоместоци од концесионерите (Петровска, 2020).

Изрекување опомени при висок степен на ризик

Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци предвидуваат опомена како примарно превентивно средство. Така, при утврдување неправилност сторена за првпат, инспекторот треба да состави записник во којшто ќе ја утврди сторената неправилност, ќе укаже дека таа треба да се отстрани во рок од осум дена и истовремено треба да врачи покана за спроведување едукација на лицето или на субјектот каде што е утврдена неправилноста при надзорот. Ако при контролниот надзор инспекторот утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, тогаш поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд. Меѓутоа, експлоатацијата на минералните суровини, кои се ограничени и необновливи ресурси, и постапките за обработка на рудата што се поврзани со користење опасни хемикалии, предизвикуваат материјални штети или негативни последици по животната средина и здравјето и безбедноста на луѓето. Секогаш во ваквите случаи постои висок степен на ризик, па репресивните мерки и казнивоста би дале поголеми резултати во спречувањето на сериозните последици. Според прекршочните одредби од Законот за минерални суровини (глава X), висината на глобите, во зависност од тежината и видот на прекршокот, изнесуваат од 2.500 евра до 250.000 евра.

Неусогласеност на законите за инспекциски надзор и за минерални суровини

Законот за инспекциски надзор го опфаќа и Државниот инспекторат за техничка инспекција и затоа е потребно усогласување на Законот за минерални суровини со овој закон. За Законот за минерални суровини, Инспекцискиот совет веќе има изготвено позитивно мислење, но законот сè уште не е усогласен со новиот Закон за инспекциски надзор и се очекува да биде усогласен во блиска иднина (Инспекциски совет, 2020).

3.2 Надзор врз управувањето со шумите

Според Законот за шумите, инспекцискиот надзор врз управувањето со шумите го врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство (ДИШЛ), а шумите ги штитат Шумската полиција и Шумочуварската служба – органи што функционираат во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Надзорот и контролата на продажбата на дрвото, пак, според истиот закон, го врши Државниот пазарен инспекторат.

Државниот инспекторат за шумарство треба да врши контрола врз одгледувањето, заштитата и користењето на шумите, како и врз сите места каде што дрвото се сече, се изнесува од шумата, се пренесува, се превезува, се сместува, се преработува или се пушта во промет, вклучувајќи ги и средствата со коишто дрвото се превезува или се пренесува. Инспекторите треба да го контролираат спроведувањето на плановите за стопанисување со шумите преку барање податоци за извршената репродукција, користење, одгледување и заштита на шумите, како и да прават увид во работењето и документацијата на правните лица коишто имаат лиценца за сеча и дотур на дрво. Тие можат привремено да спречат штета во итни случаи (сеча на шума, копачење или напасување добиток), а со кои би настанала штета по јавниот интерес, до конечна одлука на надлежниот орган. Ако констатираат неправилности, а не се овластени да постапуваат директно, инспекторите треба да ги известат надлежните органи и јавното претпријатие „Национални шуми“ и да бараат нивна интервенција.

Правата и обврските на сите субјекти коишто подлежат на инспекциски надзор се регулирани во членот 63 од Законот за инспекцискиот надзор, во којшто е утврдено дека субјектот на надзорот мора да му овозможи на инспекторот пристап до просториите, производите, електронските бази на податоци или до кое било друго средство коешто е предмет на инспекцискиот надзор, како и увид во целокупната документација и информациите неопходни за утврдување на фактичката состојба. Доколку субјектот на надзор не постапува во согласност со обврските што ги има, ќе биде задолжен да плати глоба во износ од 750 евра како правно лице, глоба од 250 евра за одговорното лице во правното лице, односно глоба од 150 евра за сторителот на ваков прекршок – физичко лице.

Според Законот за инспекциски надзор, доколку шумарскиот инспектор констатира некоја неправилност, должен е да му наложи на субјектот во рок од осум дена да преземе конкретни мерки за отстранување на таквата неправилност. Доколку при контролниот надзор инспекторот утврди дека констатираната неправилност не е отстранета, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот орган.

Со ваквата мерка доаѓа до израз превентивната функција на инспекцискиот надзор и начелото на пропорционалност, доколку таквите неправилности и недостатоци не предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес.

3.2.1 Проблеми при надзорот врз управувањето со шумите

Мал број инспектори и изречени казни од Државниот инспекторат за шумарство и ловство

Државниот инспекторат за шумарство и ловство треба да врши инспекциски надзор врз 1.002.809 хектари шуми и шумско земјиште во државна и приватна сопственост, уредени во 176 посебни планови за стопанисување со шумите, како и врз 249 ловишта дадени под концесија за користење, одгледување и заштита на дивечот (РСМ. МЗШВ 2020). Меѓутоа, ДИШЛ не располага со доволни човечки ресурси, односно бројот на вработени е нешто повеќе од половина од потребниот кадар (во 2019 година се нотирани 20 инспектори, а по систематизација се предвидени 34 инспектори), што доведува до намалена ефективност на инспекторатот.

Табела 2: Планирани и реализирани инспекциски надзори и изречени мерки, ДИШЛ, 2019

Надзор 2019 година	редовен		вонреден		контролен		вкупно		мерки
	планиран	реализиран	планиран	реализиран	планиран	реализиран	планиран	реализиран	изречни
1 квартал	636	726	20	145	28	99	684	970	97
2 квартал	716	533	2	206	20	53	738	792	98
3 квартал	652	541	5	208	12	53	669	802	135
4 квартал	/	665	/	172	/	100	/	937	104
Вкупно	**2004**	**2465**	**24**	**731**	**60**	**305**	**2088**	**3501**	**434**

Извор: РСМ. ИС 2019 година

Податоците за првите три квартали од 2019 година покажуваат дека биле спроведени 2.564 инспекциски надзори, а биле изречени 330 мерки. Учеството на изречени инспекциски мерки во однос на извршените надзори укажува на низок степен на казнивост на субјектите на надзор – 13 проценти, додека на теренот се евидентни голем број прекршувања. ДИШЛ, во првите три квартали од 2019 година, бележи само една кривична пријава и 12 прекршочни пријави. До крајот на 2019 година, извршени се вкупно 3.501 инспекциски надзори и притоа се изречени 434 инспекциски мерки. За да се подобри ефективноста на Инспекторатот, потребно е да се подигне и нивото на меѓусебна соработка и координација со Шумската полиција, Пограничната полиција, Центарот за управување со кризи (ЦУК), Дирекцијата за заштита и спасување (ДСЗ), како и со судските органи коишто треба да ги процесираат казните во најбрз период.

Преклопување на ингеренциите на шумската полиција и шумочуварската служба

Законот за шумите предвидува чувањето на шумите во државна и во приватна сопственост да се врши двостепено, и тоа контролно-патролно и реонско (чл. 81). Контролно-патролното чување го врши шумската полиција во рамките на МЗШВ, која е организирана како централна организациона единица, со седиште во Скопје и со 30 шумскополициски станици низ целата територија на државата. Во Секторот за шумска полиција се предвидени 439 работни места, а се пополнети 375 или 82 проценти. Во Секторот за внатрешна контрола, пак, се предвидени осум работни места, но не е пополнето ниту едно. Реонското чување го врши шумочуварска служба во состав на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ и другите субјекти што стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена. Припадниците на шумската полиција и на шумочуварската служба се овластени и должни да ја чуваат шумата од шумски кражби и пожари, да ги легитимираат лицата кои се затекнати во шума, да вршат привремено одземање средства и предмети, да поднесуваат барања за поведување прекршочна и кривична постапка и слично.

Од погоренаведеното произлегува дека надлежностите на припадниците на шумската полиција и на шумочуварските служби во голем дел се преклопуваат, па потребно е нивно разграничување, но и јакнење на меѓусебната соработка и нивна реорганизација – на пример, тие можат да се спојат во една служба во која би функционирале како две посебни единици – бидејќи праксата покажува дека кога два субјекти (органи, служби, институции...) имаат идентични овластувања, лесно се

заобиколуваат законските одредби и должноста во постапувањето, без притоа да се сноси каква било одговорност.

Напади врз шумските полицајци од страна на дивите сечачи на шума

Работата на припадниците на шумската полиција е многу отежната поради насилното однесување што го применуваат сторителите на кривичното дело пустошење шума. Вообичаено, кога шумската полиција доаѓа на местото на кое е извршено кривичното дело, сторителите ги превртуваат возилата и приколките за да ги спречат шумските полицајци да им ги одземат и потоа бегаат од местото на настанот. Некои сторители имаат и кучиња што ги предупредуваат за приближување опасност, а се случува и да ги нападнат и да ги повредат шумските полицајци со камења или моторни пили кога ќе бидат фатени на самото место, што резултирало дури и со смртни случаи. Затоа, шумската полиција често бара асистенција од полицијата на МВР за извршување одредени акции на терен. Сепак, малиот број полициски работници и недостигот од материјална опрема навидум ја попречуваат ефикасната борба против нелегалното сечење. Дел од сторените кривични дела се резултат на организирани криминални групи (Македонски Медиа Сервис, 2020).

Државниот инспекторат за шумарство и ловство нема сопствено јавно гласило

Државниот инспекторат за шумарство и ловство, и покрај законската обврска за постоење јавно гласило, не располага со сопствена веб-страница. Јавноста нема увид во работата на овој инспекторат, ниту брз пристап до годишните програми, извештаи и другите релевантни податоци што треба да бидат јавно објавени и достапни до сите. Со тоа е нарушено начелото на јавност и транспарентност, а граѓанските организации, новинарите и останатите граѓани имаат ограничен пристап до информациите од јавен карактер.

Неусогласеност на законските одредби

Потребно е донесување нов закон со којшто ќе се регулираат надлежностите и организацијата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, како и сите други прашања поврзани со инспекцискиот надзор врз шумите, а коишто ќе бидат во согласност со останатите закони во областа и, особено, со Законот за инспекциски надзор. Новиот закон, заради унифицираноста во поимите и називите, треба да се именува во Закон за Државен инспекторат за шумарство и ловство.

Понатаму, одредбите од Законот за шумарска и ловна инспекција и од Законот за шумите не се усогласени со Законот за инспекциски надзор. Се сретнуваат одредби што ги има во Законот за инспекциски надзор и во другите два закони, со што непотребно се обременува нивната содржина. На пример, членот 100, став 5 од Законот за шумите се појавува и во Законот за инспекциски надзор, а гласи: „Субјектите што стопанисуваат со шумите и субјектите кои ги спроведуваат плановите за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја, другите правни лица и граѓаните, чија работа подлежи на надзор на државни инспектори за шумарство и ловство се должни да го овозможат вршењето на надзорот и да им ги дадат потребните податоци“. Таква е и одредбата која ја содржи членот 7 од Законот за шумарска и ловна инспекција, а која се однесува на начелото на пропорционалност уредена со членот 13 од Законот за инспекциски надзор, според којшто инспекторот презема инспекциски мерки во согласност со закон, коишто се неопходни за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци и се најповолни за субјектот на инспекцискиот надзор, при што треба да се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на инспекцискиот надзор.

Со повторувачки одредби непотребно се обременува самиот законски текст, бидејќи наведената материја веќе е уредена со идентични одредби во Законот за инспекциски надзор.

3.3 Надзор врз управувањето со обработливото земјоделско земјиште

Надзорот врз спроведувањето на постапките за закуп на државно земјоделско земјиште го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. За давање под закуп земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, министерот за земјоделство распишува јавен оглас, по претходно добиена согласност од Владата. Постапката ја спроведува комисија од седум членови, формирана од Владата на предлог на министерот, во состав од: два претставници од МЗШВ, еден претставник од здруженијата од областа на земјоделството, еден претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) на чија територија се објавува предметното земјиште, еден претставник предложен од Канцеларијата на претседателот на Владата, еден претставник предложен од потпреседателот на Владата задолжен за економски прашања и еден претставник предложен од Министерството за финансии.

Постапката за јавен оглас за површина над 3 хектари се одвива по пат на електронско јавно наддавање. Начинот на објавување и содржината на огласот за површини до и над 3 хектари, како и потребната документација, се уредени во Законот за земјоделско земјиште (Глава 3, чл. 21-28).

Инспекциски надзор, пак, се врши од повеќе инспекторати – Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) го контролира спроведувањето на одредбите од Законот за земјоделско земјиште и прописите донесени врз негова основа, Државниот управен инспекторат врши надзор во врска со законитоста на посебните управни постапки, а градежните инспектори на Град Скопје и на општините вршат надзор на градбите врз земјоделското земјиште, во согласност со Законот за градење. Не постои координација помеѓу Инспекторатот за земјоделство и Градежниот инспекторат, што беше видливо кога на крајбрежјето близу Струга – подрачје со статус на природно и културно наследство на УНЕСКО – никнуваше дивоградба, а ниту еден од надлежните инспекторати не постапи, префрлувајќи си ја надлежноста помеѓу себе.

Надзорот на Државниот инспекторат за земјоделство е насочен кон заштита на земјоделското земјиште од загадување со штетни материи, спроведување на одредбите од договорите за закуп, спроведување на одредбите за пренамена на земјоделското земјиште, спроведувањето мерки за заштита од пожари, како и други работи (Закон за земјоделско земјиште, чл. 57). За отстранување на утврдените неправилности, инспекторот може да му укаже на субјектот за неправилностите и да му нареди да преземе соодветни мерки и активности за нивно отстранување, привремено да му забрани да ја врши дејноста и да му ги одземе средствата со кои е сторено кривичното дело или прекршокот, како и да поднесе барање за поведување прекршочна постапка или да поднесе кривична пријава (чл. 15-а). Доколку неправилностите се сторени за првпат, инспекторот треба да му наложи на субјектот да ги отстрани во рок од 8 дена и да му врачи покана за едукација во случаи кога ќе се утврди дека одреден субјект не го користи земјоделското земјиште во согласност со неговата намена или не го известил МЗШВ дека земјиштето престанало да биде земјоделско поради трајна пренамена (чл. 58). Висината на глобите зависи од тежината на сторениот прекршок и од тоа дали се работи за мало, средно или големо трговско друштво, и тие се во согласност со Законот за прекршоците, односно се движат од 1.000 до 2.000 евра, за мало трговско друштво, и од 3.000 до 6.000 евра, за средно и големо трговско друштво (чл. 59). Пред поведување прекршочна постапка, Министерството за земјоделство води постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог во согласност со Законот за прекршоците. Сторителот којшто ќе ја плати глобата во рок од 8 дена ќе плати половина од изречената глоба.

3.3.1 Проблеми при надзорот врз управувањето со обработливо земјоделско земјиште

Мал број изречени казни и недоволен број инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство

Државниот инспекторат за земјоделство, според бројот на инспектори и според законите по коишто е надлежен да постапува, претставува еден од најголемите инспекциски служби во државата. Овој инспекторат треба да се осовремени во поглед на опремата за работа, да се зголеми бројот на инспектори и да се спроведува поефикасно планирање и реализирање на инспекциските надзори. По однос на бројот на инспектори, во 2019 година работеле вкупно 114 инспектори од предвидените според систематизацијата 157 инспекторски места (73 проценти пополнетост). Дополнително, старосната структура на инспекторите е неповолна и неопходно е да се вработат и да се обучат нови инспектори. Во 2019 година се констатира дека вкупно 21,3 проценти од инспекторите на ДИЗ се на возраст над 60 години (Инспекциски совет, 2020).

Во текот на целата 2019 година, евидентирани се вкупно 47.980 извршени инспекциски надзори, од кои: 2.726 редовни надзори, 44.444 вонредни надзори и 810 контролни надзори, и притоа се утврдени вкупно 1.262 неправилности. Диспропорцијата помеѓу спроведените надзори и изречените мерки е голема, па така, учеството на изречени мерки е само 3 проценти во однос на вкупниот број надзори. Доколку ги споредиме податоците за бројот на надзори и мерки од 2019 и 2018 година, во 2019 година биле спроведени 3.080 инспекциски надзори повеќе во споредба со 2018 година, но и покрај оваа разлика во бројот на надзори, бројот на изречените мерки не се разликува значително.

Табела 3: Планирани и реализирани инспекциски надзори и изречени мерки, ДИЗ, 2019

Надзор 2019 година	редовен		вонреден		контролен		вкупно		мерки
	планиран	реализиран	планиран	реализиран	планиран	реализиран	планиран	реализиран	изречни
1 квартал	723	683	8030	10310	61	196	8814	11189	275
2 квартал	732	690	8918	10773	86	232	9736	11695	269
3 квартал	718	660	8479	10455	101	156	9298	11271	254
4 квартал	/	693	/	12906	/	226	/	13825	464
Вкупно	**2173**	**2726**	**25427**	**44444**	**248**	**810**	**27848**	**47980**	**1262**

Извор: РСМ. ИС 2019

Голем број вонредни инспекциски надзори

Друг факт којшто произлегува од извештајните податоци е далеку поголемиот број вонредни надзори во однос на редовните надзори – 44.444 вонредни надзори наспроти 2.726 редовни надзори. Во извештаите на Инспекцискиот совет редовно се истакнува дека високото учество на редовните надзори во вкупниот број надзори по одделни институции покажува дека ресурсите ефикасно се насочуваат и се искористуваат, додека високото учество на вонредните надзори по одделни инспекциски служби укажува на потребата од соодветно зголемување на човечките и материјалните ресурси во овие институции, со цел нивно нормално функционирање во случај на непредвидливо зголемен обем на активност. Приближно планирање на вонредните инспекциски надзори може да се постигне врз основа на анализа на бројот на извршени вонредни надзори во претходните квартали, при што просекот од извршените надзори во претходните квартали ќе се земе како репер за планирање на вонредните надзори за претстојниот квартал, но отстапување не смее да има кај редовните надзори, бидејќи тие се планираат врз основа на годишна програма за работа на инспекциските служби, според која потоа се прават квартални и месечни планови.

Државниот инспекторат за земјоделство не ја ажурира веб-страницата навремено

Од страна на Државниот инспекторат за земјоделство не се почитува начелото на јавност и транспарентност, недостигаат извештаи, програми и други релевантни документи коишто Инспекторатот е должен јавно и редовно да ги објавува и да ги ажурира на веб-страницата, со што ќе бидат достапни до поширокатa јавност, која има право на пристап до нив.

Неусогласени законски одредби

Последните измени на Законот за земјоделското земјиште од 2019 година се во насока на усогласување со Законот за прекршоци, но во Извештајот на Државниот инспекторат за земјоделство за периодот јануари – јуни 2020 година се нотира потребата за усогласување на материјалните закони од областа на земјоделството со одредбите од Законот за прекршоци и со Законот за инспекциски надзор. Особено во делот на инспекцискиот надзор, потребно е усогласување на Законот за земјоделското земјиште и Законот за Државен инспекторат за земјоделство со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

3.4 Надзор врз водостопанските објекти

Надзорот врз водостопанските објекти го врши водостопански инспектор во состав на Државниот инспекторат за животна средина, во согласност со Законот за води. Секторот за водостопанска инспекција во ДИЖС има само двајца водостопански инспектори, кои не се доволни за да ги спроведат сите неопходни редовни и вонредни инспекциски надзори.

Водостопанскиот инспектор има широко поле на делување и врши надзор над правниот субјект „Водостопанство АД“ во врска со одржувањето на водостопанските објекти за наводнување: браните и акумулациите, каналите и приклучоците за наводнување. За состојбата на браните, проценка врши операторот на системот за наводнување (Водостопанство АД) и изработува елаборати. Мислење за елаборатите дава Комисијата за брани, што ја формира Министерството за животна средина и просторно планирање.

Водостопанскиот инспектор врши надзор над браните на акумулациите што се користат за водоснабдување и го контролира одржувањето на хидроцентралите, односно биолошкиот минимум што треба да се

обезбеди низводно од браните. Јавните претпријатија што ги одржуваат браните се должни да вршат проценка на состојбата на браните, да изработуваат соодветни елаборати и да ги доставуваат до МЖСПП и за овие елаборати мислење дава Комисијата за брани.

Дополнително, инспекторот врши надзор над браните на хидројаловиштата на рудниците. На пример, при хаваријата на браната на хидројаловиштето на рудникот Саса во септември 2020 година, водостопанскиот инспектор изготви записник, ја утврди причината за хаваријата, во постапка со спогодување ја одмери казната за правниот субјект и одговорното лице и го задолжи да изврши чистење и санација на речното корито и околниот терен од материјалот што се излеал од хидројаловиштето. Комисијата за брани, по инцидентот, утврди дека прелевањето на материјалот од хидројаловиштето се случило поради недозволена филтрација, а не поради пропуст во изведбата и одржувањето на браната.

Водостопанскиот инспектор врши надзор и над дозволите за користење и испуштање вода од страна на јавните комунални претпријатија, правни и физички лица. Притоа, надзорот опфаќа проверка на количините зафатена вода и на начинот на одржување на водозафатот – бунар/и, површински водозафат, каптирано изворište итн. За водозафатот за водоснабдување треба да е изработен елаборат за определување на заштитните зони за изворот за водоснабдување. За користење вода се плаќа надоместок и инспекторот врши проверка дали е извршена исплата на соодветниот надоместок. Комуналните претпријатија што имаат дозвола за користење вода ретко плаќаат надоместок. На тој начин се создава дефицит во буџетот и не се прибираат доволно средства за годишната програма за води што ја спроведува МЖСПП.

Исто така, инспекторот врши надзор над дозволите за регулација на речно корито што ги добиваат општините (кога локацијата се наоѓа во градежен реон) или Водостопанство АД (кога локацијата е надвор од градежен реон). Дозволите за регулација на речно корито ги издава МЖСПП. Во минатото, некои дозволи биле издавани без да се води сметка за растојанието помеѓу две локации на иста река и на тој начин некои речни корита се целосно опустошени. Кај регулацијата на речно корито се прават сериозни пропусти, односно регулацијата се користи како покритие за „легална“ експлоатација на песок и чакал. На овој начин се избегнува да се спроведе постапката за издавање концесија за експлоатација на песок и чакал.

Водостопанскиот инспектор го контролира и управувањето со хидросистемот Ѓавато, кој беше изграден за полнење на Дојранското Езеро. Хидросистемот порано беше управуван од страна на јавно претпријатие, а тековно е управуван од МЖСПП. Инспекторот има право да

го задолжи МЖСПП да достави информација до Владата за да се одлучи хидросистемот да се предаде на управување на субјект што може да го одржува соодветно и да наплаќа надоместоци за наводнување, бидејќи на системот има голем број нерегуларни приклучоци за користење на водата за наводнување. Водостопанскиот инспектор има право да го задолжи операторот, во случајот МЖСПП, да овозможи наплата на надоместоци во согласност со закон.

Бидејќи инспекцискиот надзор се врши на централно и на локално ниво, потребна е исклучително добра соработка помеѓу централните и локалните органи и институции.


4.

Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со природните ресурси

Овој дел се фокусира врз можните опции за подобрување на јавните политики во врска со подобрување на надзорот врз управувањето со природните ресурси: минерални суровини, шуми, обработливо земјоделско земјиште и подземните води. Објаснета е изводливоста на секоја опција за решавањето на дадениот проблем и направена е пресметка на фискалните импликации од нивното спроведување.

4.1

Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со **минералните суровини**

р. бр.	Проблем	Решение	надлежен орган	рок
1	Рудниците со отворен коп продолжуваат да работат со употреба на цијанид и сулфур. Во интерираната еколошка дозвола се дефинирани гранични вредности на емисии. Постојните дозволи не се во согласност со новата Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ што предвидува построги мерки. Неопходна е ревизија на дозволите заради усогласување со оваа директива.	Измени во Законот за минерални суровини со коишто концесионерите што користат постапки со лужење или флотација на металични минерални суровини во присуство на цијанид или сурфурна киселина во рудници со отворен коп ќе се задолжат да применуваат сеопфатни мерки за заштита на животната средина и намалување на хемиското загадување, а при инспекцискиот надзор задолжително да се мерат емисиите од овие инсталации од независна акредитирана лабораторија.	МЕ	2021
2	Нерегулирано едностранo раскинување на договорот за концесија за експлоатација од страна на концедентот во случаите кога концесионерот не се придржува кон решенијата и мерките утврдени со прописите од областа на животната средина.	Измени во Законот за минерални суровини со коишто точно ќе се утврди во кои случаи и на кој начин ќе се смета дека постои опасност, односно дека настанало загрозување на здравјето и безбедноста на луѓето и животната средина.	МЕ МЖСПП	2021
3	Носење одлуки за спојување концесии без задолжителна теренска проверка. Непостоење единствена студија за оцена на влијанијата врз животната средина во случај на спојување концесии.	Измени во Законот за минерални суровини со коишто ќе се наложи изработка на нова студија за оцена на влијанието врз животната средина за споените концесии, доколку студиите се работени за секоја поединечна концесија.	МЕ	2021
4	Поради необновување на банкарската гаранција, државата не може да ја наплати во случај кога не е извршена рекултивација.	Измени на Законот за минерални суровини со коишто ќе се предвидува обновување секоја година на банкарската гаранција што ја приложуваат концесионерите при добивањето на концесијата, со цел обезбедување финансиски средства за рекултивација во текот на експлоатацијата и по завршувањето на експлоатацијата.	МЕ	2021

5	Недопрецизирана обврска за рударските инспектори најмалку трипати годишно да вршат контрола на содржината на металични и техногени минерални суровини во концентратите од коишто се добиваат.	Измени во Законот за минерални суровини со коишто ќе се предвиди одговорност и санкции во случаите на непочитување на законската обврска за рударските инспектори најмалку трипати годишно да вршат контрола на содржината на металични и техногени минерални суровини во концентратите од коишто се добиваат.	МЕ	2021
6	Државниот инспекторат за техничка инспекција функционира со околу половина од вкупниот број инспектори.	Вработување на 12 инспектори за да се достигне предвидениот број од 26 инспектори според систематизацијата.	ДИТИ МФ МЕ	2021-2022
7	Нема редовно и јавно објавување на наодите од спроведените инспекциски надзори, на програмите за работа и други релевантни податоци на веб-страницата на ДИТИ.	Редовно ажурирање, функционирање и одржување на веб-страницата на ДИТИ.	ДИТИ	2021
8	Учеството на изречени инспекциски мерки по однос на спроведените инспекциски надзори на ДИТИ е многу ниско.	Да се зголеми бројот на редовните инспекциски надзори, заради подобра превенција. Детален и аналитички пристап кон планирањето и спроведувањето на редовните инспекциски надзори врз инсталациите за експлоатација на минерални суровини што се носители на А и Б еколошки дозволи. Поголем увид во работењето на инспекторите на терен.	ДИТИ ДИЖС	2021
9	Недоволен надзор врз спроведување на плановите за управување со руднички отпад од страна на ДИТИ и ДИЖС	Да се спроведува инспекциски надзор врз спроведувањето на плановите за управување со руднички отпад.	ДИТИ ДИЖС	2021
10	Непостапување на инспекторите на ДИТИ и ДИЖС.	Инспекторите да изрекуваат санкции кога не се врши санација и рекултивација на земјиштето зафатено со детални геолошки истраги или експлоатација на минерални суровини, спротивно на Законот за минерални суровини.	ДИТИ ДИЖС	2021
11	Изрекување опомени при висок степен на ризик.	Измени во Законот за инспекциски надзор со коишто ќе се укине правниот инструмент опомена при инспекциски надзор во сите области на животната средина.	МИОА	2021

12	Недоволна координираност и комуникација помеѓу институциите доведува до неследење на плаќањето на надоместоците на кои се обврзани концесионерите. Непрегледен електронски систем на Министерството за финансии за следење на наплатата на надоместоците. Надлежните институции што донесуваат закони врз основа на кои се утврдени надоместоци, треба да назначат лице што ќе ја следи наплатата, но тоа не се случува.	Модернизација на базата на податоци и воведување систем за полесен увид и следење на наплатите. Подобра координираност на Министерството за економија и Управата за јавни приходи, кои се надлежни за воспоставениот систем на контрола на наплата на концесиските надоместоци, а се важни и се однесуваат на контролата врз навременото плаќање на концесиските надоместоци за простор и експлоатација на минералните суровини од страна на концесионерите. Целосно следење, односно водење детална евиденција (досие) за секоја доделена концесија, заради ефикасно следење на состојбата и навремено утврдување на нерегуларности од страна на концесионерите. Континуирано и редовно доставување примероци од договорите и од анексдоговорите за концесија до релевантните органи и институции, како и до локалните власти.	МФ УЈП ДИТИ МЕ	2021-2022
13	Во текот на изградбата на инсталациите за експлоатација на минерални суровини ДИТИ, ДИЖС и МВР ретко вршат координиран инспекциски надзор.	Да зајакне соработката на ДИТИ и ДИЖС со МВР – да се применува одредбата од Законот за инспекциски надзор според која инспекторот може да побара полициска придружба.	ДИТИ ДИЖС МВР	2021

4.2

Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со **шумите**

р. бр.	Проблем	Решение	надлежен орган	рок
1	Непостоење Закон за Државен инспекторат за шумарство и ловство.	Носење нов закон со којшто ќе се регулираат надлежностите и организацијата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, како и сите други прашања поврзани со инспекцискиот надзор врз шумите, а кои ќе бидат во согласност со останатите закони во областа и особено со Законот за инспекциски надзор.	МЗШВ	2021
2	Неусогласеност на законските одредби.	Одредбите од Законот за шумарска и ловна инспекција и од Законот за шумите да се усогласат со Законот за инспекциски надзор.	МЗШВ	2021
3	Надлежностите на шумската полиција и на шумочуварските служби во голем дел се преклопуваат.	Создавање на една заедничка служба во рамките на МЗШВ, во која ќе бидат опфатени шумската полиција и шумочуварската служба како посебни единици.	МЗШВ	2021-2022
4	ДИШЛ не располага со доволен број човечки ресурси, односно бројот на инспектори е нешто повеќе од половина од потребниот кадар, што доведува до намалена ефективност на инспекторатот.	Вработување 14 инспектори во ДИШЛ за да се достигне потребниот број инспектори според систематизацијата (34).	МЗШВ МФ ДИШЛ	2021-2022
5	Државниот инспекторат за шумарство и ловство нема своја веб-страница.	Изработка и редовно ажурирање и одржување на официјална веб-страница на ДИШЛ.	ДИШЛ	2021
6	Учеството на изречени инспекциски мерки во однос на извршените надзори на ДИШЛ укажува на низок степен на казнивост на субјектите на надзор, што не соодејствува со фактичката состојба на терен.	Подобри анализи во планирањето и спроведувањето на редовните инспекциски надзори.	ДИШЛ	2021
7	Недоволна соработка на шумските инспектори со сите надлежни органи и институции, особено со МВР, заради навремено и ефикасно откривање на сторителите на кривични дела и нивно спроведување пред законот. Напади врз шумската полиција од страна на дивите сечачи на шума.	При извршување на инспекцискиот надзор, неопходна е координација и подигнување на меѓусебната соработка на сите инспекциски органи на највисоко ниво, но и поголема соработка со ЦУК, МВР и другите надлежни органи и институции.	МЗШВ МВР ЦУК ДЗС	2021-2022

4.3

Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со **почвите**

р. бр.	Проблем	Решение	надлежен орган	рок
1	Нема посебен закон за почви.	Носење посебен закон за почви.	МЗШВ	2021
2	Неусогласени законски одредби.	Усогласување на Законот за Државен инспекторат за земјоделство и Законот за земјоделско земјиште со Законот за инспекциски надзор донесен во 2019 година.	МЗШВ	2021
3	Недоволен број инспектори и голем број вонредни инспекциски надзори во Државниот инспекторат за земјоделство.	Вработување 43 инспектори за да се достигне бројот предвиден според систематизацијата – 157 инспекторски места.	МЗШВ МФ ДИЗ	2021-2022
4	Старосната структура на инспекторите во ДИЗ е неповолна и неопходно е да се обучат нови инспектори.	Одржување редовни специјализирани обуки паралелно со вработувањето нови инспектори.	МЗШВ ДИЗ	2021-2022
5	Недостиг од современа и соодветна опрема во ДИЗ за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор. Непостоење главна база на податоци за идентификување недостатоци пред да се настапи на терен: - податоци од регистрите на МЗШВ и од други надлежни институции (издадени решенија за работа од областа по која постапува инспекторот), дали претходела инспекциска мерка кај субјектот или прекршочна/кривична постапка, како и тоа дали претходно бил друг инспектор и што утврдил, за да може следниот да постапи по друга одредба во законот со цел вклучување на субјектот во правниот систем - воведување на еден систем база на податоци со тековни информации, а со кои нема дополнително да се задолжува инспекторот да доставуваат извештаи и планови.	Подобрување на постојните технички и материјални услови за работа и опрема. Креирање главна база на податоци.	МЗШВ МФ ДИЗ	2021-2022

6	Недостигаат извештаи, програми и други релевантни документи на веб-страницата на ДИЗ.	Редовно и навремено ажурирање и одржување на веб-страницата на ДИЗ.	ДИЗ	2021
7	Учеството на изречени инспекциски мерки по однос на спроведените инспекциски надзори на ДИЗ е многу ниско.	Зголемување на бројот на редовните инспекциски надзори заради навремено детектирање на сите неправилности кај субјектите на надзор, со што би се намалиле вонредните надзори, а истовремено би се исполниле и целите на инспекцискиот надзор.	ДИЗ	2021

4.4

Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со **водите**

р. бр.	Проблем	Решение	надлежен орган	рок
1	Секторот за водостопанска инспекција во ДИЖС има само двајца водостопански инспектори.	Да се зголеми бројот на стручни водостопански инспектори.	МЖСПП МФ ДИЖС	2021-2022
2	Недоволна стручна подготвеност за надзор над водостопански објекти на инспектори во ДИЖС.	Одржување редовни специјализирани обуки паралелно со вработувањето нови инспектори.	ДИЖС	2021-2022
3	Недостиг од современа и соодветна опрема во ДИЖС за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор врз водостопанските објекти.	Да се обезбедат соодветни технички и технолошки услови за спроведување на работата на Секторот за водостопанска инспекција во ДИЖС.	МЖСПП МФ ДИЖС	2021-2022
4	Регулацијата на речно корито се користи како покритие за „легална" експлоатација на песок и чакал. На овој начин се избегнува да се спроведе постапката за издавање концесија за експлоатација на песок и чакал.	Водостопанскиот инспектор да соработува со МВР за соодветно санкционирање на субјектите што во текот на работите на регулација на речно корито не се придржуваат до проектната документација; По завршување на работите на регулацијата на речно корито, изведувачот да доставува до МЖСПП и до водостопанскиот инспектор ситуација за реализирани работи и споредба со проектна документација врз основа на која е доделена дозволата.	МЖСПП ДИЖС МВР	2021-2022
5	Слаба соработка помеѓу централните и локалните инспекциски органи.	Да се подобри координацијата и соработката помеѓу државниот водостопански инспектор и овластените инспектори за животна средина во општините.	ДИЖС Локални инспектори	2021-2022

5.



Фискални импликации на алтернативните решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со природните ресурси

5.1 Фискални импликации на алтернативните решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со минералните суровини

3.1 Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со минералните суровини	**887,598 евра**

Активности 3.1.1; 3.1.2; 3.1.3; 3.1.4 и 3.1.5: Измена на законот за минерални суровини	
Измени во Законот за минерални суровини со коишто концесионерите што користат постапки со лужење или флотација на метални минерални суровини во присуство на цијанид или сурфурна киселина во рудници со отворен коп ќе се задолжат да применуваат сеопфатни мерки за заштита на животната средина и за намалување на хемиското загадување, а при инспекцискиот надзор задолжително да се мерат емисиите од овие инсталации од независна акредитирана лабораторија.	**90 дена**
Во Законот за минерални суровини е предвидено едностране раскинување на договорот за концесија за експлоатација од страна на концедентот во случаите кога концесионерот не се придржува кон решенијата и мерките утврдени со прописите од областа на животната средина. Потребно е јасно и точно утврдување во кои случаи се смета дека настанало загрозување на здравјето и безбедноста на луѓето и животната средина.	**45 дена**
Измени во Законот за минерални суровини со коишто ќе се наложи изработка на нова студија за оцена на влијанието врз животната средина за споените концесии доколку студиите се работени за секоја поединечна концесија.	**5 дена**
Измени на Законот за минерални суровини со коишто ќе се предвидува обновување секоја година на банкарската гаранција што концесионерите ја приложуваат со цел обезбедување финансиски средства за рекултивација во текот на експлоатацијата и по завршувањето на експлоатацијата.	**5 дена**
Измени во Законот за минерални суровини со коишто ќе се предвиди одговорност и санкции во случаите на непочитување на законската обврска за рударските инспектори најмалку трипати годишно да вршат контрола на содржината на метални и техногени минерални суровини во концентратите од коишто се добиваат.	**5 дена**

	број на консултанти	работен ангажман во денови*	просечна дневница (во евра)	вкупно проценети потребни средства (во евра)
локален консултант	4	90	120	43,200
меѓународен консултант	2	90	350	63,000
локален консултант	1	60	120	7,200
меѓународен консултант	1	60	350	21,000
јавна дебата за предлог-решение				15,000
Вкупно				**149,400**

Дополнително објаснување на проценката:

- Детална анализа на постојната состојба за овие рудници;
- Компаративна анализа од други земји за начинот на работа кај овие рудници;
- Предлог-препораки и алтернативи;
- Локалниот и меѓународниот експерт би им дале поддршка на вработените во институциите, од аспект на компаративна анализа за оваа проблематика во други земји и усогласување со постојната поврзана регулатива во РСМ;
- * временски ангажман;
- Платите на вработените за измена на законската регулатива се веќе постојан трошок на буџетот;
- Јавна дебата за предлог-решение;
- Изработка на верзија на законско решение.

Активност 3.1.6: Зајакнување на капацитетите на ДИТИ

Заради континуитет и ефикасност на работењето на ДИТИ, потребно е вработување доволен број на инспектори. Стручната подготвеност и редовните специјализирани обуки на инспекторите, како и располагањето со современа и соодветна опрема за работа претставуваат неопходни предуслови за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор.

	број	просечна месечна бруто плата	потребен вкупен месечен износ во евра	проценети потребни годишни средства во евра
нови вработувања	12	943	11,317	135,805
опрема за нови вработувања и возила				39,512
материјални трошоци за нови вработувања				48,780
континуирана обука на инспектори				13,000
				237,098

Активност 3.1.7: Зајакнување на транспарентноста на ДИТИ

Редовно и навремено ажурирање на податоците што се од јавен интерес, а кои ќе бидат истакнати на видно место и ќе бидат лесно достапни на веб-страницата на ДИТИ, со цел транспарентно и отчетно работење и увид во работата на ДИТИ од страна на засегнатата јавност.

				проценети потребни средства во евра
надградба и редовно ажурирање на веб-страницата на ДИТИ				1,000
				1,000

Дополнително објаснување на проценката:

- проценетите потребни средства се на годишно ниво

Активност 3.1.11: Измена на законот за инспекциски надзор

Измени во Законот за инспекциски надзор со коишто ќе се укине правниот инструмент опомена при инспекциски надзор во сите области на животната средина.

	број на консултанти	ангажман во денови*	просечна дневница во евра	вкупно проценети потребни средства во евра
локален експерт	1	5	120	600
меѓународен експерт	1	5	350	1,750
				2,350

Дополнително објаснување на проценката:

- Локалниот и меѓународниот експерт би им дале поддршка на вработените во институциите, од аспект на дефинирање на одредбите и усогласување со постојната поврзана регулатива во РСМ;
- * временски ангажман;
- Платите на вработените за измена на законската регулатива се веќе постојан трошок во буџетот.

Активност 3.1.12: Изработка на софтверско решение за концесии

Недоволната комуникација помеѓу институциите доведува до низа пропусти и нерегуларности, меѓу кои и неследењето на плаќањето на надоместоците на коишто се обврзани концесионерите.

	број	*работен ангажман во денови	просечна дневница во евра	вкупно проценети потребни средства во евра
**Меѓународни и локални консултанти за анализа на постојна состојба и дизајн на софтверска апликација	1	5	120	50,000
Локална компанија за развој на софтвер за концесии	1	90	350	350,000
Приспособување софтверски решенија кај други поврзани институции				50,000
Обука на вработени за примена на софтверско решение	15	10		3,000
Одржување софтвер				35,000
Промоција на софтверско решение				3,000
локален експерт	1	45	150	6,750
				497,750

Дополнително објаснување на проценката:

- *временски ангажман на компаниите и експертот;
- **Според наши сознанија, во Министерство за економија во тек се активности за анализа на постојната состојба за податоците за издадените концесии и предлог-дизајн за софтверско решение. Овие активности се одвиваат во соработка со Светска банка;
- компанијата треба да ја развие софтверската апликација за концесии и да ги обезбеди линковите со други софтверски решенија од релевантните институции заради размена на податоци (пр.

УЈП, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство и шумарство, Централен регистар и слично, со цел автоматска размена на податоци);

- трошоците за одржување се на годишно ниво и тие се континуиран трошок на институцијата;

- јавна презентација на софтверската апликација и на придобивките од базата за концесии;

- еден локален консултант да ги развие бизнис-процесите во форма на процедури, кој е надлежен да доставува податоци во софтверот за концесии, во каква форма, привилегии и пристап во софтверот и сл.;

- платите на вработените во институциите не ги калкулираме како дополнителен трошок затоа што тие се веќе обезбедени во буџетот.

5.2 Фискални импликации на алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со шумите

3.2 Алтернативни решенија за подобрување на надзорот над управувањето со шумите	**290,109 евра**

Активност 3.2.1: Усогласување на законската регулатива

Носење нов закон, со којшто ќе се регулираат надлежностите и организацијата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, како и сите други прашања поврзани со инспекцискиот надзор врз шумите, а кои ќе бидат во согласност со останатите закони во областа и, особено, со Законот за инспекциски надзор.

	број	ангажман во денови*	просечна дневница во евра	вкупно проценети потребни средства во евра
локален експерт	1	30	120	3,600
меѓународен експерт	1	30	350	10,500
				14,100

Дополнително објаснување на проценката:

- Локалниот и меѓународниот експерт би им дале поддршка на вработените во институциите, од аспект на дефинирање на одредбите и усогласување со постојната поврзана регулатива во РСМ;
- * временски ангажман;
- Платите на вработените за измена на законската регулатива се веќе постојан трошок на буџетот.

Активност 3.2.2: Усогласување на законската регулатива

Одредбите од Законот за шумарска и ловна инспекција и од Законот за шумите да се усогласат со Законот за инспекциски надзор.

	број	ангажман во денови*	просечна дневница во евра	Вкупно проценети потребни средства во евра
локален експерт	1	5	120	600
меѓународен експерт	1	5	350	1,750
				2,350

Дополнително објаснување на проценката:

- Локалниот и меѓународниот експерт би им дале поддршка на вработените во институциите, од аспект на дефинирање на одредбите и усогласување со постојната поврзана регулатива во РСМ;
- * временски ангажман;
- Платите на вработените за измена на законската регулатива се веќе постојан трошок на буџетот.

Активност 3.2.4: Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за шумарство и ловство

Заради зајкнување на ефикасноста на работењето на Државнот инспекторат за шумарство и ловство, потребно е вработување доволен број инспектори. Стручната подготвеност и редовните специјализирани обуки на инспекторите, како и располагањето со современа и соодветна опрема за работа претставуваат неопходни предуслови за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор

	број	просечна месечна бруто плата	потребен вкупен месечен износ	Проценети потребни годишни средства во евра
нови вработувања	14	943	13,203	158,439
опрема за нови вработувања и возила				42,439
материјални трошоци за нови вработувања				48,780
континуирана обука на инспектори				18,000
				267,659

Активност 3.2.5: Зајакнување на транспарентноста на Државниот инспекторат за шумарство и ловство

Изработка на веб-страница на Државниот инспекторат за шумарство и ловство. Редовно и навремено ажурирање на податоците коишто се од јавен интерес, а коишто ќе бидат истакнати на видно место и ќе бидат лесно достапни на веб-страницата на ДИШЛ, со цел транспарентно и отчетно работење и увид во работата на ДИШЛ од страна на засегнатата јавност.

				Проценети потребни средства во евра
Изработка на веб-страница				5,000
Редовно ажурирање на веб-страницата на ДИТИ				1,000
				6,000

Дополнително објаснување на проценката:

- проценетите потребни средства се на годишно ниво

5.3 Фискални импликации на алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со почвите

3.3 Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со почвите	**743,472 евра**

3.3.1 Активност – Донесување закон за заштита на почвите во РСМ

Непостоењето закон за почвите оневозможува нивно регулирање и заштита.

	број	ангажман во денови*	просечна дневница во евра	вкупно проценети потребни средства во евра
локален експерт	2	150	120	18,000
меѓународен експерт	1	150	350	52,500
				70,500

Дополнително објаснување на проценката:

- Локалниот и меѓународниот експерт би им дале поддршка на вработените во институциите, од аспект на компаративна анализа за оваа проблематика во други земји и усогласување со постојната поврзана регулатива во РСМ;
- * временски ангажман;
- Платите на вработените за измена на законската регулатива се веќе постојан трошок на буџетот.

Активност 3.3.2: Усогласување на законската регулатива

Усогласување на Законот за Државен инспекторат за земјоделство и Законот за земјоделско земјиште со Законот за инспекциски надзор донесен во 2019 година.

	број	ангажман во денови*	просечна дневница во евра	Вкупно проценети потребни средства во евра
локален експерт	1	5	120	600
меѓународен експерт	1	5	350	1,750
				2,350

Дополнително објаснување на проценката:

- Локалниот и меѓународниот експерт би им дале поддршка на вработените во институциите, од аспект на дефинирање на одредбите и усогласување со постојната поврзана регулатива во РСМ;
- * временски ангажман;
- Платите на вработените за измена на законската регулатива се веќе постојан трошок на буџетот.

Активност 3.3.3; 3.3.4 и 3.3.5: Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за земјоделство

Заради зајкнување на ефикасноста на работењето на Државнот инспекторат за земјоделство, потребно е вработување доволен број инспектори. Стручната подготвеност и редовните специјализирани обуки на инспекторите, како и располагањето со современа и соодветна опрема за работа, претставуваат неопходни предуслови за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор.

	број	просечна месечна бруто плата	потребен вкупен месечен износ	проценети потребни годишни средства во евра
нови вработувања	43	943	40,553	486,634
опрема за нови вработувања и возила				62,927
материјални трошоци за нови вработувања				97,561
континуирана обука на инспектори				22,500
				669,622

Активност 3.3.6 – Зајакнување на транспарентноста на Државниот инспекторат за земјоделство

Редовно и навремено ажурирање на податоците коишто се од јавен интерес, а коишто ќе бидат истакнати на видно место и ќе бидат лесно достапни на веб-страницата на ДИЗ, со цел транспарентно и отчетно работење и увид во работата на ДИЗ од страна на засегнатата јавност.

				Проценети потребни средства во евра
Редовно ажурирање на веб-страницата на ДИТИ				1,000
				1,000

Дополнително објаснување на проценката:

- проценетите потребни средства се на годишно ниво

5.4 Фискални импликации на алтернативни решенија за подобрување на инспекцискиот надзор врз управувањето со водите

3.4 Алтернативни решенија за подобрување на надзорот врз управувањето со водите	**186,008 евра**

Активности 3.4.1; 3.4.2 и 3.4.3: Зајакнување на капацитетите за инспекциски надзор во областа на заштитата на водите

Заради зајакнување на ефикасноста на работењето на испекциските служби во областа на заштита на водите, потребно е вработување доволен број инспектори. Стручната подготвеност и редовните специјализирани обуки на инспекторите, како и располагањето со современа и соодветна опрема за работа претставуваат неопходни предуслови за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор.

	број	просечна месечна бруто плата	потребен вкупен месечен износ	Проценети потребни годишни средства во евра
нови вработувања во Државен инспекторат за заштита на животна средина	6	943	5,659	67,902
нови вработувања во Државен санитарен инспекторат	2	943	1,886	22,634
нови вработувања во Државен инспекторат за земјоделство	2	943	1,886	22,634
опрема за нови вработувања и возила				37,317
материјални трошоци за нови вработувања				32,520
континуирана обука на инспектори				3,000

вработувањето општински инспектори ќе се обезбеди во рамки на општинските буџети				
				186,008

За спроведување на препораките содржани во документот се потребни финансиски средства во вкупен износ од 2,107,187 евра што, според области и намени, се распоредени како што следи:

Вкупно финансиски импликации по области:	
1. Вкупни финансиски импликации за минерални суровини:	**887,598 евра**
2. Вкупни финансиски импликации за шуми:	**290,109 евра**
3. Вкупни финансиски импликации за почви:	**743,472 евра**
4. Вкупни финансиски импликации за води:	**186,008 евра**
Вкупно:	**2,107,187 евра**

Вкупни финансиски импликации според намените на средствата:	
1. Експертска работа:	**232,800 евра**
2. Нови вработувања:	**893,951 евра**
3. Обуки на вработени:	**59,500 евра**
4. Ангажирање компанија/-ии за изработка и одржување софтвер:	**485,000 евра**
5. Набавка на опрема и материјални трошоци:	**409.936 евра**
6. Промоции на стратегии, јавни дебати и кампањи за подигнување на јавната свест:	**18,000 евра**
7. Трошоци за веб-страници:	**8,000 евра**
Вкупно:	**2,107,187 евра**

Родово сензитивни фискални импликации

Трошоците според намените на средства под број 1, 2 и 3 се родово сензитивни. Под претпоставка дека во изнајмувањето на домашни (локални) и меѓународни експерти, при новите вработувања и обуките на вработените во јавните институции ќе се води сметка за најмалку 40 отсто застапеност од секој од половите, во тој случај родово сензитивните фискални импликации се 1,186,251 евра, од кои најмалку 40 отсто, односно 474,500 евра треба да се трошоци за секој од половите.


6.

Заклучок

Три столба врз коишто треба да се потпира реформата на заштитата на животната средина во областите на експлоатацијата на минерални суровини, управувањето со шумите и со почвите се:

- осовременување и усогласување на правната рамка,
- јакнење на постојните капацитети за регулација и контрола, како и создавање нови соодветни капацитети, и
- обезбедување ефективен инспекциски надзор.

Меѓу специфичните предизвици во заштитата на управувањето со минералните суровини може да се издвојат ажурирањето на правната рамка со цел отстранување правни празнини и ефективна примена на позитивното право и обезбедувањето ефективна контрола врз начинот на којшто се експлоатираат ресурсите. Исто така, потребно е инвестирање во технологии за намалување емисии, превенција и искористување на отпадот и кревање на јавната свест за ограниченоста на природните ресурси, за загадувањето и создавањето прекумерно количество отпад, како и за ефектите што се чувствуваат врз населението и биодиверзитетот.

Во однос на управувањето со шумите, специфични области врз коишто мора да се делува се застарената и несоодветна правна рамка, неквалитетната или непостоечка евиденција на целокупниот шумски фонд и недоволните напори и несоодветните механизми за спречување на пустошењето на шумите.

Како хронични предизвици во соодветното управување со почвите, а врз коишто е неопходно да се интервенира, се издвојуваат нарушувањето на водовоздушните карактеристики на почвите како последица од урбанизам, индустрија и транспортна инфраструктура, и прекумерното користење вештачко ѓубриво и пестициди во земјоделството. Почвите и натаму остануваат нерегулирани со посебен закон.

Подземните води учествуваат со околу 80 проценти во вкупното водоснабдување во државата, поради што треба да се посветува далеку поголемо внимание за нивното рационално користење и нивната заштита од загадување.

Општа забелешка во однос на инспекцискиот надзор се слабите капацитети на надлежните државни инспекторати, што резултира тие претежно да постапуваат реактивно, односно по пријави од странки, наместо надзорот да делува проактивно, односно да детектира незаконито работење на субјектите на надзорот пред да настапат штетни последици по животната средина. Во таа насока е неопходно зголемување на бројот на инспектори соодветно на обемот на работа и обезбедување бази на податоци, технички средства и друга опрема неопходна за инспекторите да можат ефективно да ја извршуваат својата должност. Обуките и работилниците се важни алатки, меѓу другото, заради зголемувањето на ефикасноста и професионалноста при вршењето на инспекцискиот надзор. Унапредувањето на соработката со другите надлежни органи и институции на централно и на локално ниво е неопходно, заради целесообразност и поголема ефикасност во постапувањето. Но, неопходно е и обезбедување доследна примена на сите механизми за спречување корупција за да се превенираат коруптивни практики во работата на инспекторите.

За спроведување на алтернативните решенија содржани во документот се потребни финансиски средства што се проценуваат на 2,107,187 евра, од кои помал дел, односно 700,800 евра или околу 1/3 од вкупните, се еднократни, а поголемиот дел, односно 1,406,387 евра или околу 2/3, се постојани на годишно ниво и ќе се повторуваат секоја фискална година.

Дел од трошоците (ангажирање експерти, нови вработувања и обуки за вработените) се родово сензитивни под претпоставка дека во нивното ангажирање ќе се води сметка за најмалку 40 отсто застапеност од секој од половите; во тој случај, родово сензитивните финансиски импликации се 1,186,251 евра, од кои најмалку 40 отсто, односно 474,500 евра, треба да се трошоци за секој од половите поединечно.

Квантификацијата на потребните средства за вложување во системот на заштита на природните богатства прикажани во оваа публикација не треба да се гледа како „сума на пари“, туку напротив, како прагматичен израз на нешто што би го овозможило надминувањето на детектираните слабости. На прашањата дали средствата се „големи“ или не се, дали мерките ќе ги отстранат „сите можни“ согледани и несогледани проблеми, треба да им се пристапи од друга гледна точка: што ќе се случи и колку ќе го чини општеството и природата неделувањето, непостапувањето и невложувањето во заштитата на животната средина и ограничените природни богатства доколку ги загубиме.

Библиографија

- Блинков, Д. (2020), Интервју со Дарко Блинков, Државен инспекторат за животна средина, спроведено на 24.6.2020 година
- Државен инспекторат за животна средина (2019). Годишна програма за работа на Државен инспекторат за животна средина за 2020 година. Скопје: Државен инспекторат за животна средина.
- Државен инспекторат за техничка инспекција (2020). Стратешки план на Државниот инспекторат за техничка инспекција 2020-2022 година. Скопје: Државен инспекторат за техничка инспекција
- Ѓорѓева, С., Николовска, К. (2019). Индикаторски извештај за животна средина за 2018 година (стр. 48). Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање.
- Закон за безбедност на храната, („Службен весник на РСМ" број 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18)
- Закон за водостопанство, („Службен весник на РСМ" бр. 51/15, 193/15 и 189/16)
- Закон за државниот инспекторат за земјоделство, (Службен весник на РСМ, („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15, 39/16, 172/16 и 83/18)
- Закон за животната средина, („Службен весник на РСМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18)
- Закон за заштита на природата, („Службен весник на РСМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18)
- Закон за земјоделското земјиште, („Службен весник на РСМ" бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на РСМ "бр. 161/19)
- Закон за концесии и јавно приватно партнерство, („Службен весник на РСМ" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на РСМ" бр. 153/19 и 261/19)
- Закон за минерални суровини, („Службен весник на РСМ" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19)
- Закон за општата управна постапка („Службен весник на РСМ" бр. 124/2015). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 94/2017 од 28 март 2018 година, објавена во „Службен весник на РСМ" бр. 65/2018
- Закон за прекршоците ("Сл. весник на РСМ" бр. 96/2019 од 17.05.2019)
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, („Службен весник на РСМ" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за утврдување на цени на водните услуги, („Службен весник на РСМ" бр. 07/16)
- Закон за шумарска и ловна инспекција („Службен весник на РСМ" бр. 88/08, 6/10, 36/11, 74/12, 164/13, 43/14, 33/15, 149/15, 53/16 и 83/18)
- Закон за шумите („Службен весник на РСМ" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16)

- Законот за водите („Службен весник на РСМ" бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13,180/14, 146/15 и 52/16), [Пристапено на 15.08.2020г]

- Законот за локална самоуправа општините („Службен весник на СРМ "бр.5/02)

- Законот за управната инспекција („Сл.весник на РСМ" бр. 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014 и 33/2015)

- Законот за урбанистичко планирање, ("Службен весник на РСМ бр. 32/2020)

- Инспекциски совет (2019). Годишен извештај за работата на инспекциските служби за 2019 година, Скопје: Инспекциски совет

- Инспекциски совет (2019). Извештај за работа на Инспекцискиот совет и информација за работа на инспекциските служби за прв квартал од 2019 година. Скопје: Инспекцискиот совет.

- Инспекциски совет (2019). Извештај за работа на Инспекцискиот совет и информација за работа на инспекциските служби за втор квартал од 2019 година. Скопје: Инспекцискиот совет.

- Инспекциски совет (2019). Извештај за работа на Инспекцискиот совет и информација за работа на инспекциските служби за трет квартал од 2019 година. Скопје: Инспекцискиот совет.

- Инспекциски совет (2020). Писмена изјава од Инспекциски совет, дадена на 04.09.2020 година.

- Инспекцискиот совет (2020). Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2019 година. Скопје: Инспекцискиот совет.

- ЈП „Национални шуми". За шумите, веб страница на ЈП „Национални шуми". Достапно на http://mkdsumi.com.mk/index.php [28.10.2020]

- Кривичен Законик („Службен весник на РСМ" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18)

- Крстевска, Е. (2020), Интервју со Евгенија Крстевска, експерт за води, спроведено на 25.6.2020

- Македонски Медиа Сервис (2020). „Дивата сеча на шумите, коруптивни зделки за личен профит", ММС.мк. Достапно на https://mms.mk/137905/%D0%B4%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D1%87%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%88%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B4%D0%B5%D0%BB/ [28.10.2020]

- Министерство за економија (2020). Регистар за договори за концесија на експлоатација - 10.01.2020 година. Достапно на http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/Registar%20na%20Dogovori%20za%20koncesija%20za%20eksploatacija%2010.01.2020.pdf [28.10.2020]

- Министерство за животна средина и просторно планирање (2004). Просторен план на Република Македонија (2004-2020). Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање.

- Министерство за животна средина и просторно планирање (2005). Студија за контаминирани подрачја. Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање.

- Министерство за животна средина и просторно планирање (2012). Националната стратегија за води 2012-2042. Достапно на http://www.moepp.gov.mk/?page_id=3197 [28.10.2020]

- Министерство за животна средина и просторно планирање (2018). Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027. Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање.

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (2019). Годишен земјоделски извештај за 2018 година. Скопје: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Извештај на ДИЗ за периодот јануари-јуни 2020 година, Достапно http://data.gov.mk/dataset/162dd1e9-1696-4585-b52f-699f507fb6b0/resource/bb03eafe-615d-42f7-b84b-38025f64501c/download/02-116-3-10-07-2020-2020-.pdf [30.10.2020]

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Државен инспекторат за шумарство и ловство, веб страница на МЗШВ. Достапно на http://arhiva.mzsv.gov.mk/node/22 [28.10.2020]

- Мирчовски, В. (2008). Заштита на подземните води во Република Македонија. Штип: Факултет за рударство, геологија и политехника.

- Младеновска Д., „Најзагадени региони се тие каде што имало рударство и металургија", Порта 3. Достапно на https://www.porta3.mk/najzagadeni-regioni-se-tie-kade-shto-imalo-rudarstvo-i-metalurgija/ [28.10.2020]

- Мојсовска, С. (2019). Проценка на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија. Скопје: Државна комисија за спречување на корупција

- Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) (2018), „ФАО ги поддржува напорите на земјата за спроведување на Национален инвентар за шумите", www.sf.ukim.edu.mk. Достапно на http://www.sf.ukim.edu.mk/vesti/FAO_rabotilnica_inventarizacija_14_II_2018.pdf [28.10.2020]

- Панди, Д. (2019). „Балканот чека пресврт во енергетиката", dw.com. Достапно на https://p.dw.com/p/3Gwzr [28.10.2020]

- Петреска, Е. (2019). „Ана Чоловиќ Лешоска, добитничка на Голдман: Во Маврово се` уште се планираат мали хидроцентрали", Радио МОФ. Достапно на https://www.radiomof.mk/ana-cholovikj-leshoska-dobitnichka-na-goldman-vo-mavrovo-se-ushte-se-planiraat-mali-hidrocentrali/ [28.10.2020]

- Петровска, А. (2020). Интервју со Ана Петровска, поранешен државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање, спроведено во септември 2020 година

- Поповска, Л. (2020). Писмена изјава на Лилјана Поповска, Зелен институт, дадена во септември 2020 година

- Правилник за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон, („Службен весник на РСМ", бр. 112 од 03.07.2015 година)
- Правилник за правилата за вршење на работите на шумската полиција, („Службен весник на РСМ" бр. 112 од 03.07.2015 година),
- Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик, („Службен весник на РСМ" бр. 247 од 2.12.2019 година)
- Предлог на Закон за заштита на почвата. Достапно на https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=17150 [28.10.2020]
- Професор по земјоделски науки (2020). Интервју со професор по земјоделски науки, спроведено на 30.6.2020 година
- Саздовска М., М. (2002). Улогата на криминалистичката полиција во заштитувањето и унапредувањето на животната средина. Скопје: Факултетот за безбедност.
- Стојановска, М. (2020). Интервју со проф. д-р Македонка Стојановска, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем", спроведено на 1.7.2020 година
- Стратешкиот документ на ДИТИ 2020-2022г, Достапно http://diti.gov.mk/ [30.10.2020]
- Устав на Република Македонија донесен на 17.11.1991 година, објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 52 од 22 ноември 1991 година
- Global Footprint Network. Ecological Footprint, www.footprintnetwork.org Достапно на https://www.footprintnetwork.org/our-work/ecological-footprint/ [28.10.2020]
- The Conscious Challenge. Extinction & Animals, www.theconsciouschallenge.org Достапно на https://www.theconsciouschallenge.org/ecologicalfootprintbibleoverview/extinction-animals [28.10.2020]

Институт за
комуникациски
студии

адреса: ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, 1000 Скопје
е-маил: info@iks.edu.mk
веб: iks.edu.mk
телефон: +389 2 3090 004